# МЕДИУМИТЕ, ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ:

# ВОДИЧ ЗА МЕДИУМИ

**Жарко Трајаноски, Тамара Чаусидис, Роберто Беличанец**

# Увод: Медиумите и претставувањето на маргинализираните заедници

Почитувањето на професионалните новинарски стандарди налага, меѓу другото, и почитување на човековото достоинство, одбегнување и осуда, како на говорот на омраза, така и на дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација, родот, здравствениот статус и на припадноста кон одредена маргинализирана група. И според Советот за радиодифузија, „фокални точки за разгледување на нужноста од зголемување на нивото на професионалност во радиодифузијата се дискриминацијата врз различни основи, непочитувањето на човековото достоинство и говорот на омраза".[1]

Македонските медиуми имаат проблем при известувањето за различностите и за дискриминацијата, особено врз основа на родот, сексуалната ориентација или на припадноста кон некоја маргинализирана група. Советот за радиодифузија ги прифати и ги вгради во стратегијата (во работната верзија) сознанијата на Коалицијата во поглед на медиумскиот третман на припадниците на маргинализираните групи, од страна на новинарите и на уредниците: „дел од нив имаат сериозен отпор да го прифатат концептот „маргинализирана група"; повеќето не ги препознаваат нивната дискриминација и социјалното исклучување; во коментарите на некои медиуми има негативни стереотипи, предрасуди, хомофобични и националистички изјави и говор на омраза; дел не го почитуваат правото на приватност на припадниците на овие групи, или го зајакнуваат нивното негативно претставување пред и за време на изборната кампања; некои не ги почитуваат веќе изречените мерки од регулаторот, а само дел се чувствителни при изборот на соодветни изрази за именување на припадниците на маргинализираните групи."[2]

Публикацијата „Медиумите и претставувањето на маргинализираните заедници" го адресира прашањето за почитувањето на новинарските стандарди при известувањето за различностите и за дискриминацијата, особено врз основа

1 РАБОТНА ВЕРЗИЈА – СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за периодот 2013-2017 година, Скопје, ноември, 2012.
2 РАБОТНА ВЕРЗИЈА – СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за периодот 2013-2017 година, Скопје, ноември, 2012.

на родот, сексуалната ориентација, здравствениот статус или на припадноста кон некоја маргинализирана група. Публикацијата содржи три текста што ги адресираат проблемите во врска со претставувањето на маргинализираните заедници во медиумите: „Маргинализираните заедници во медиумите" од Тамара Чаусидис, „Дискриминацијата во медиумите и како таа да се избегне" од Роберто Беличанец, и „Дискриминацијата и говорот на омраза преку медиумите: Претставување на ЛГБТ, корисниците на дрога, сексуалните работници и лицата со ХИВ во македонските медиуми" од Жарко Трајаноски.

Според Тамара Чаусидис, во ситуација на констатнтна пропаганда, проследена со поттикнување на стравовите и на предрасудите кон маргинилизираните заедници, станува неопходно пронаоѓањето на моралниот императив на новинарската професија. Тој мора да се потпира на концептот на одговорноста и на максимата: „Оној што пасивно го прифаќа насилството е еднакво инволвиран, како и оној што го спроведува. Оној што не му се спротивставува на злото, всушност, соработува со него" (М. Л. Кинг). Според Чаусидис, за ЛГБТ лицата, сексуалните работници, корисниците на дрога и за лицата со ХИВ се пишува најчесто во контекст на криминалот или на социјално неприфатливото однесување. Сексуалните работници се портретираат со подбив, со нескриена морална осуда и се третираат како закана од зараза, додека корисниците на дрога, неретко, се поистоветуваат со дилерите и се категоризираат во рубриките за „црната хроника". Третманот на ЛГБТ лицата во медиумите се движи, од отворени хомофобија и говор на омраза, до студена резервираност, при што новинарот, под закрила на „објективноста", всушност, станува нем сведок, а со тоа и соучесник во дискриминацијата на овие лица.

Според Роберто Беличанец, слободата на говор не е апсолутна слобода, таа е ограничена со другите права во системот на човековите права и не може да се користи за дискриминација, виктимизација или, пак, за дисквалификација на личноста врз основа на некое негово социјално својство. Едноставно, правото е ограничено со други права. Дискриминаторскиот наратив во медиумите не е само проблем што произлегува од системот на заштита на човековите права, туку претставува и кршење на професионалната новинарска етика.

Според Беличанец, придржувањето до етичките и до професионалните стандарди е доволна одбрана од внесувањето на предрасуди во текстовите/прилозите и од дискриминаторското покривање на настаните. Сепак, ниту етиката, ниту механичкото придржување за професионалните стандарди не може да го замени длабокото интимно прифаќање на правото на недискриминација врз основа на сексуалната ориентација и на припадноста кон одредена маргинализирана група. Не може да го замени ниту сочувството и емпатијата со општествено ранливите групи.

Според Жарко Трајаноски, препознавањето и почитувањето на разликите е основен предуслов за етичко новинарство. Стереотипите во медиумите ги редуцираат и/или пренебрегнуваат разликите, а негативните стереотипи ги зацврстуваат социјалните предрасуди и нееднаквоста. Наместо да се вклучат во борбата против дискриминацијата и против негативните предрасуди и стереотипи, неретко, медиумите отворено промовираат дискриминаторски ставови и социјално исклучување на припадниците на маргинализираните групи, па дури и говор на омраза.

Новинарите треба да ги прифатат термините што припадниците на маргинализираните групи ги користат за самоопределување и да го почитуваат нивното достоинство кога известуваат за нив. Иако, во принцип, начинот на известување за припадниците на ранливите групи треба да биде ослободен од сензационализам, многу новинари сѐ уште сметаат дека сензационалистичкиот пристап е неминовен. Употребата на дискурси на страв и на шок, влијае врз конструирањето и врз обликувањето на јавната перцепција на дел од припадниците на маргинализираните групи.

Медиумите и медиумските професионалци имаат една од главните улоги во борбата против дискриминацијата и во охрабрувањето на интеркултурниот дијалог. Со препознавањето и со осудата на дискриминацијата, говорот на омраза, и на насилството кон маргинализираните групи, новинарите можат да помогнат во надминувањето на нееднаквоста и на повредите на основните права.

# Маргинализираните заедници во медиумите

*Тамара Чаусидис*

Застапувањето на човековите права и слободи, негувањето на духот на толеранцијата и борбата против дискриминацијата, од каков и да е вид, се темелите на секое професионално и одговорно новинарство. Еден од постулатите наведени во „Декларацијата за однесувањето на новинарите" на Меѓународната федерација на новинарите е барањето секој припадник на оваа професија да биде свесен за опасноста од дискриминација што можат да ја шират медиумите. Поради тоа, тие мора да сторат сè за да го спречат поттикнувањето на дискриминацијата што, меѓу останатото, се базира врз: расата, полот, сексуалната ориентација, јазикот, религијата, политичките или други ставови, како и националното и социјалното потекло. „Само оној што ги почитува овие принципи може да се нарече новинар" – заклучува најголемата новинарска организација, која обединува над 600.000 новинари од повеќе од 100 земји.

**Сè што дејствува спротивно на новинарските стандарди не се смета за новинарство, и покрај тоа што претставува содржина на одреден медиум.**

Неслучајно, почитувањето на професионалните стандарди се зема како критериум врз чија основа се одредува припадноста кон новинарската професија. Имено, речиси без исклучок, секаде во демократските земји, влезот во новинарската фела не е ограничен со лиценци, дозволи или со посебни одредби. Статусот на припадникот на оваа професија го обезбедува самото практицирање на новинарството, при што, како клучен услов, се зема почитувањето на елементарните правила и принципи на професијата. Спречувањето на дискриминацијата е еден од тие услови. Сè што дејствува спротивно на новинарските стандарди не се смета за новинарство, и покрај тоа што претставува содржина на одреден медиум. Со овие принципи,

новинарството, како професија, практично, се брани од оние што, под неговата закрила, всушност, промовираат пропаганда, дискриминација и гола политичка борба.

Колку што е повисоко нивото на медиумска писменост и колку што се подолги демократските традиции, толку и јавноста побрзо и полесно ги препознава вистинските новинари во однос на оние што се претставуваат за такви, но всушност тоа не се, и спротивно – пониското ниво на медиумска писменост и долгата недемократска историја прават публиката да го смета за новинарство и новинари сето она и сите оние што, на било каков начин, партиципира/ат, односно, го окупира/ат медиумскиот простор.

Според современите теории, презентирањето во медиумите има пресудна улога за јавната перцепција на определена малцинска група. Тоа влијае на формирањето на општествениот став во однос на неа, вклучувајќи ги тука и нејзиното јавно прифаќање или отфрлање. Затоа, последиците од нејзиното недоволно, а, уште повеќе, од нејзиното несоодветно претставување се големи.

**Презентирањето во медиумите има пресудна улога за јавната перцепција на определена малцинска група**

Во сите кодекси на однесување на новинарите во светот се содржани принципот за недискриминација и обврската на новинарот и на медиумите да ги заштитат поединците и маргинализираните групи од неправда и од дискриминација, без разлика дали тие се извршени од страна на јавните органи и институции, од приватни претпријатија или од кој било друг.

Македонија, во оваа смила, не е исклучок. Во Кодексот на новинарите, покрај основниот постулат, кој бара од новинарите да ги бранат „човековите права, достоинството и слободата", во член 10 е наведен императивот за

недискриминација и употреба на говорот на омраза:

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

Кодексот на новинарите на Македонија, исто така, пропишува почитување на приватноста (член 7), известување ослободено од сензационализми (член 8) како и придржување кон општоприфатените стандарди за пристојност и почитување на различностите (член 11).

Универзалните стандарди се однесуваат и на известувањето поврзано со маргинилизираните групи:

**Користење јазик што не навредува!**

- Користење јазик што не навредува! Новинарот треба да знае со кој термин се означува одредена група, при што најдобар тест за неговата соодветност е прашањето: Дали таа заедница прифаќа на тој начин да биде означена? Доколку терминот е навредлив, тој не смее да се користи, и тоа независно од аргументите од типот „сите така ги нарекуваат".

**Почитување на вредностите и достоинството на групата за која се информира!**

- Почитување на вредностите и достоинството на групата за која се информира! Новинарот не смее да манифестира непочитување на определената група, како на вербално, така и на визуелно ниво, независно од неговиот личен став кон даденото прашање или појава.

- Избегнување на стереотипите! Тука особено треба да се спречи концептот

## Избегнување на стереотипите!

на портретирање на целата група преку одредена личност.

- Создавање негативен имиџ за одредена група! Да се биде различен, поинаков од мнозинството, односно, да се биде малцинство, за луѓето многу често претставува голем товар. Новинарот не смее, на кој било начин, да учествува во зголемувањето на тој товар.

- Избегнување на формулациите „ние" и „тие"! Во општеството сите имаат еднакви права и одговорности. Да се биде припадник на одредена група, да се биде различен, не значи дека некој има помалку права и одговорности од другите.

Иако силата на медиумите, како средство за промовирање на толеранцијата и на санкционирањето на дискриминацијата, е несомнена, за жал, праксата покажува дека медиумите во Македонија често се нечувствителни во однос на концептот на недискриминација, особено кога станува збор за маргинализираните групи.

Со ретки исклучоци, темите поврзани со ЛГБТ лицата, сексуалните работници, корисниците на дрога и со болните од ХИВ, за медиумите се или споредни (со што тие, не само социјално, туку и медиумски, дополнително се маргинализираат), или, пак, се предмет на стереотипизација, предрасуди, дискриминација и на отворен говор на омраза.

Причините за медиумската невидливост на ранливите групи може да се бараат во повеќе компоненти. Прво, тоа е високата политизираност на медиумските содржини, во кои дневнополитичките теми имаат доминантна улога. Пишувањето за теми што ги засегаат маргинализираните групи бара повеќе време (новинарскиот ангажман не завршува со прес-конференција или со соопштение). Големо значење има и фактот што во општеството и во медиумите

отсуствува сензитивноста за проблемите со кои се соочуваат маргинилизираните групи, како и храброста на новинарите да се спротивстават на стереотипите и на доминантното мислење што владее во редакциите.

**Во општеството и во медиумите отсуствува сензитивноста за проблемите со кои се соочуваат маргинилизираните групи, како и храброста на новинарите да се спротивстават на стереотипите и на доминантното мислење што владее во редакциите.**

Како резултат на наведените фактори се соочуваме со новинарство што не сака да знае за последиците од сопствената активност. Она што загрижува не се само апатијата или конформизмот, со кој новинарите се однесуваат кон основните принципи на својата професија, туку и фактот што многумина од нив воопшто не знаат, т.е. не чувствуваат дека нешто не е во ред со нивниот приод. Што е уште пострашно – тие не сакаат ни да дознаат, односно, да ги компензираат своите пропусти, затоа што незнаењето е најдобро оправдување за нивната непрофесионална работа.

За ЛГБТ лицата, сексуалните работници, корисниците на дрога и за лицата со ХИВ се пишува, најчесто, во контекст на криминалот или на социјално неприфатливото однесување. Сексуалните работници се портретираат со подбив, со нескриена морална осуда и се третираат како закана од зараза, додека корисниците на дрога, неретко, се поистоветуваат со дилерите и се категоризираат во рубриките за „црната хроника". Третманот на ЛГБТ лицата во медиумите се движи, од отворени хомофобија и говор на омраза, до студена резервираност, при што новинарот, под закрила на „објективноста", всушност, станува нем сведок, а со тоа и соучесник во дискриминацијата на овие лица.

### Сексуални работници

Проблемите, со кои се соочуваат сексуалните работници, за медиумите се, практично, невидливи. Евентуално, тие се споменуваат во врска со опасностите од зараза од ХИВ и во контекст на дебатата за „легализација на проституцијата", каде што, повторно, „нема место" за припадниците на оваа група или за нивните реални проблеми. И кога се отвора, оваа тема се обработува стриктно преку експертски или политички дискурс. Со други зборови, „гласот" на самите актери на сториите е нечуен, а нивното присуство е можно само преку стереотипи, кои се речиси без исклучок, негативни.

**Генерален впечаток е дека сексуалните работници, како социјално исклучена група, се, најчесто, тема на рубриките за забава или за „црна хроника", и тоа придружена со несоодветна терминологија, негативни споредби и со исмевање.**

Генерален впечаток е дека сексуалните работници, како социјално исклучена група, се, најчесто, тема на рубриките за забава или за „црна хроника", и тоа придружена со несоодветна терминологија, негативни споредби и со исмевање.

### Случај „Координирана акција за сузбивање улична проституција"

Во ноември, 2008 година, од страна на МВР беше спроведена масовна рација, при што во полициската станица „Бит-пазар" беа приведени триесетина сексуални работници. Дел од уапсените, од оваа полициска станица, беа пренесени во Инфективната клиника - Скопје, каде што, врз основа на судски налог, им беа извршени групни тестирања за ХИВ/СИДА, хепатит Б и за хепатит Ц. На самото место, пред Клиниката за инфективни болести, беа лоцирани и медиумите со своите екипи, претходно информирани за акцијата.

Уште истиот ден, без да ја почитува пресумпцијата за невиност, Министерството за внатрешни работи упати соопштение до јавноста, во кое беа изнесени групни лични податоци за осомничените лица. Фотографии и видеоснимки од сексуалните работници снимени во полициската станица беа објавени, како на интернет-страницата на МВР, така и на сите национални телевизии, на кои беше изготвен прилог за настанот. Фотографиите и видеоснимките беа придружени и со елементи на идентитетот на снимените сексуални работници, и тоа речиси без никакви интервенции, а и онаму, каде што имаше обид за негово прикривање, идентитетот на лицата јасно можеше да се препознае. Насловите и написите во врска со овој настан беа сензационалистички и со отворено навредлива и понижувачка терминологија. Едниот од написите во весниците носеше наслов „Курвите со пендрек на преглед".

Невладината организација ХОПС поднесе жалба до Советот на честа при Здружението на новинарите, по што ова саморегулативно тело оцени дека станува збор за кршење на новинарската етика:

„Акцијата на МВР и нејзиното медиумско покривање се репрезентативен пример на третманот на сексуалните работници во медиумите, но и во општеството. Со откривањето на идентитетот на осомничените, кои не се јавни личности и, поради тоа имаат право нивната приватност да биде почитувана, нарушени се членовите 7 и 10 од Кодексот на новинарите, кои бараат почитување на приватноста и на човековите права и слободи. Информирањето воедно е сензационалистичко, што е спротивно со членот 8 од Кодексот, а терминологијата навредлива и дискриминирачка." – се вели во одговорот на Советот.

Одгласот на реакциите на НВО ХОПС во јавноста и укажувањата на тогашниот Совет на честа, резултираа со поголема внимателност во заштитата на идентитетите на оние што се предмет на полициска акција, но несоодветната терминологија, негативните стереотипи, дискриминацијата и социјалната исклученост на сексуалните работници и натаму е присутна во медиумите. Навредувачките термини од типот „курви" и „камењарки" остануваат како

доминантни и, притоа, најчесто се дури и потенцирани уште во самиот наслов на известувањата.

„Жените се курви со умисла"; „На естрадата сите се курви и наркоманки!"; „Уживател на курви и коњак"; „Комар, курви, криминал ..."

Истовремено, темите што ги проблематизираат социјалната исклученост и правата на сексуалните работници се особено ретки. Тие, за медиумите, продолжуваат да бидат „невидливи", а со тоа и дополнително маргинализирани.

**Отсуството на сочувство во медиумите оди до таму што новинарите многу често воопшто и не ги препознаваат ниту дискриминацијата, ниту негативниот ефект што нивното известување го има врз креирањето на јавното мислење во однос на корисниците на дрога и зависниците од неа.**

## Корисници на дрога

Корисниците на дрога и зависниците од неа, во македонските медиуми се најчесто третирани во рубриките од „црната хроника". Генерално, тие се претставуваат како криминогени, опасни и како потенцијални пренесувачи на ХИВ, т.е. како лица на кои генерално не смее да им се верува и, пред сè, како лица што самите се виновни за тоа што им се случува. Ова е особено видливо во информациите кога смртта на одредено лице се насловува со „Зависник починал од предозираност", при што прилогот се сведува на информирање за локацијата, полот и за возраста на починатиот, а, неретко, и за неговиот идентитет. Нема апсолутно никаква трага од почитувањето на приватноста. Кој се прашува за ефектот што таквата јавно објавена информација ќе го има врз животот на семејството на тој човек? Не само што нема одговори на овие прашања, туку ваквите прашања воопшто и не се поставуваат.

Отсуството на сочувство во медиумите оди до таму што новинарите многу често воопшто и не ги препознаваат ниту дискриминацијата, ниту негативниот ефект што нивното известување го има врз креирањето на јавното мислење во однос на корисниците на дрога и зависниците од неа.

## Случај: „Наркоманско дувло“

Во еден дневен весник, на 11.11.2012 г., при обид да се информира за неуспешната изградба на трговски центар во скопската населба Маџари и намерата на властите дадениот објект да го пренаменат во центар за домување, новинарот информира дека, иако пред неколку години се најавувала изградба на трговски центар во оваа населба, просторот што бил расчистен за таа цел, поради незаинтересираност на инвеститорите, сѐ уште стои неискористен и служи како депонија и како див паркинг. Новинарот ги пренесува намерите на локалните власти да донесат нов урбанистички план и местото, каде што е планирана изградба на трговскиот центар, да се пренамени во центар за домување.

Оваа информација дополнително се илустрира со изјави на жителите што се жалат дека местото станува депонија, диво паркиралиште и собиралиште за млади, каде што „можат да се најдат купишта ѓубре, искршени шишиња, па и по некој шприц“.

- Се надевавме дека ќе добиеме нов трговски центар, каде што ќе можеме да се прошетаме... Наместо тоа, добивме само место за фрлање ѓубре, кое, по извесно време, се претвори во собиралиште за младите во вечерните часови. Тие навечер се паркираат со автомобилите, викаат, пуштаат гласна музика и се забавуваат - буквално под нашите прозорци.

- Навистина е неподносливо. Навечер не може да се заспие од бучавата, а наутро почнува да смрди. Насекаде има искршени шишиња од алкохолот и навистина

е ужасно што ова постојано се случува веќе неколку години, без никој да го санкционира. На моите деца им забранувам навечер да се движат во тој дел, бидејќи се плашам за нивното здравје, па и за нивниот живот.

Овие две изјави на жителите од населбата, како и новинарската забелешка за „по некој шприц" беа доволни, текстот да биде опремен со сензационалистички наслов „Очекуваа трговски, а добија наркоманско дувло полно со шприцови".

Ваквата реторика со несоодветниот термин „наркоман", во корелација со терминот „дувло", покажува немање чувство за човечкото достоинство на корисниците на дрога, што е спротивно на елементарниот професионален стандард за почитување на достоинството на луѓето.

Негативниот стереотип, пренесен преку медиумот, не само што ја зацврстува стигматизацијата на оваа група, туку има и исклучително силен ефект врз нивните животи, како и врз животите на членовите на нивното семејство, вклучително и нивната способност да се ослободат од зависноста. На тој начин, медиумот се јавува и како промотор на социјалното исклучување.

## ЛГБТ лица

Сексуалното определување спаѓа во доменот на приватноста (член 7 од Кодексот на новинарите), додека слободата на сексуалната ориентација спаѓа во корпусот на елементарните човекови права.

Навидум, за ЛГБТ темите се дискутира во јавноста. Но, кога ќе се погледне начинот на кој се селектираат и наметнуваат само одредени прашања, а особено атмосферата што се создава со таквиот медиумски третман, станува јасно дека вистинските прашања се неотворени, а проблемите само „се пикаат под тепих". На пример, се форсира темата за истополовите бракови, која сè уште е контроверзна, дури и во високотолерантните општества, додека другите

теми, како што е, на пример, дискриминацијата на ЛГБТ лицата, сосема се игнорираат.

Со ретки исклучоци, пристапот кон темите за ЛГБТ лицата се движи во следниве насоки:

- отворени хомофобија и говор што изразува омраза и има намера кај публиката да поттикне омраза;

- создавање „морална паника“ и нејзино инструментализирање во политичка борба, што нема никаква врска со оваа маргинализирана заедница;

- студена резервираност, која, под закрилата на објективноста, практично, станува нем сведок, а со тоа и соучесник во дискриминацијата.

**Одговорноста за јавно искажаниот збор не паѓа само на авторот, туку и на оној што дава можност таквиот збор надалеку да се слушне.**

Имено, чести се случаите, кога, со намера за отворање дебата во новинарски текст или во студио, се поканувааат, како „втора страна“, заговорниците на хомофобијата, чиј дискриминаторски говор, полн со омраза и со вербално насилство, некритички се пренесува во прилогот, или, пак, се дозволува, односно, се толерира, без интервенција на водителот во студиото. Како резултат на ова, хомофобичниот говор на омраза, не само што добива легитимност, туку станува и доминантен во рамките на јавниот дискурс.

Пренесувањето и отстапувањето на јавниот простор на говорот на омразата се, исто така, спротивни на концептот на етичното и одговорно новинарство. Одговорноста за јавно искажаниот збор не паѓа само на авторот, туку и на оној што дава можност таквиот збор надалеку да се слушне. Новинарите, како и

водителите на контактните емисии, имаат обврска тоа да го спречат. Насилството не смее да биде прифатено, дури и кога е изразено на вербално ниво.

**Медиумите во Македонија сѐ уште не можат да се ослободат од доминантно хомофобичната култура.**

Третманот на темите што ги засегаат ЛГБТ лицата, ја имаат за свој заеднички именител констатацијата дека медиумите во Македонија сѐ уште не можат да се ослободат од доминантно хомофобичната култура. Во последно време, таа дополнително се засилува во синергија со владејачката конзервативна идеологија, која воопшто и не ја крие својата хомофобичност.

**Случај: Геј – бракови!**

Темата за истополови бракови, кај нас, во повеќе наврати се ползува како каписла за  хомофобична пропаганда, проследена со отворен говор на омраза.

Бројни се примерите, кога со темата за истополови бракови како претекст, ЛГБТ лицата се третираат со стигматизирање и со шовинистичка и сензационалистичка реторика што има за цел да создаде морална паника, односно, уверување на јавноста дека на темелите на моралниот поредок, кој почива врз хетеросексуалноста (која се доживува како  единствено легитимен модел на сексуалност), им се заканува смртна опасност од ЛГБТ популацијата. Ваквата морална паника во општеството се зема како оправдување за преземањето радикални, а, неретко, и репресивни мерки кон оние што се сметаат за загрозувачи на моралната база на општеството.

Особено загрижува што, како поттекст на медиумските покривања на ЛГБТ темите, се востанови императивот за „морална чистота". Всушност, се работи за идеал на нацизмот – режим, чијашто прва акција беше токму укинувањето на сексуалноста со затворање на геј-баровите, јавните куќи и со забраната на

нудизмот.

На пример, со реченицата „Прво сакаат брак, па да посвојат дете, и на крајот, и да го обљубат истото?!‟, објавена во текст посветен на истополовите бракови, свесно се поттикнува моралното згрозување и чувството на загрозеност, со тврдењето дека хомосексуалците се педофили. Освен што има за цел да создаде морална паника, ваквата констатација претставува поттикнување на омразата кон „другите‟, кои, притоа, се претставуваат како сериозна закана.

Во октомври, 2012 г., актуелниот министер за труд и социјална политика даде сосема непредизвикана изјава дека нема да има промени во Законот за семејство и дека власта нема да дозволи истополови бракови: „Во Законот за семејство јасно е дефинирано дека бракот е заедница меѓу еден маж и една жена и тоа ќе остане така, додека ние раководиме со Министерството и со Владата. Како политичка партија имаме дадено многу јасен став во однос на хомосексуалните бракови.‟ Оваа изјава потоа предизвика лавина хомофобични медиумски покривања и интерпретации.

Актуализирањето на оваа тема од страна на Владата, преку изјавата на министерот, резултираше со наслови, како што се:

„Нема просперитет на нацијата, со посвојување деца од партнери од ист пол‟; „Граѓаните и институциите се против геј бракови‟; „Сакаме внуци, а не педерлаци!‟

Можеби најрепрезентативниот пример за несоодветните известувања поврзани со наведената изјавата на министерот е прилогот во еден дневен весник, кој, како илустрација на геј-популацијата избира инсерт од порнографски филм. Такво „илустрирање‟ за прв пат се појави во 2007 г., и тоа во истиот весник, како опрема на еден од текстовите објавен на насловната страница, што предизвика реакција на Советот на честа на Здружението на новинарите.

Советот тогаш оцени дека „со такво илустрирање на текстот – пораката што се прима е дека сите хомосексуалци се такви како тие на сликата и дека тоа е суштината што нив ги одредува. Таа слика е избрана за да поттикне омраза, го вперува прстот и ги портретира хомосексуалците како порнографски ликови, со што се постигнува деградација и понижување на една група луѓе".

Деградацијата и понижувањето на ЛГБТ лицата е видлива и преку уредувачката политика на медиумите. Имено, при изборот на вестите од светот се прави селекција на наслови што ја оправдуваат хомофобичната позиција. Ова го потврдува и сосема беглото пребарување на насловите.

Студија: Децата на хомосексуалците убедливо послаби на училиште (Вест од рубриката Свет)

Педерите секогаш се во право (текст-реакција на одлуката на Советот за радиодифузија)

Педери во војска - ДА или НЕ? (вест за дебатата во САД околу учеството на хомосексуалците во војска)

Вехабии тепаа полицајци и педери! (информација од регионот)

Колку педери има во Бугарија? (информација од регионот)

## Саморегулација

Како одговор на неконтролираната деградација на професионалните стандарди и на етиката во медиумите, се наметнува потребата од саморегулација, која треба да се грижи за етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство и нив да ги промовира .

Во моментов, во Македонија, единствено саморегулативно тело е Советот на честа при Здружението на новинарите на Македонија. Ова тело, во минатото, во повеќе наврати реагирало на кршењата на професионалните стандарди, од страна на новинарите што известувале за теми што ги засегаат маргинализираните групи. Најчесто, станувало збор за кршење на членот 10 (забрана на дискриминација и говор на омраза), членот 7 (почитување на приватноста) и членот 8 (известување без сензационализми).

**Во ситуација на константна пропаганда, проследена со поттикнување на стравовите и на предрасудите кон маргинализираните заедници, станува неопходно пронаоѓањето на моралниот императив на новинарската професија.**

Меѓутоа, кога јавниот дискурс е контаминиран со постојани пресметки, драматичен пад на пристојноста и на човечноста, етичното и професионалното новинарство, кое ја има улогата на совест на општеството, е практично умртвено, па секој обид за саморегулација се претвора во ужасно тешка и неблагодарна (но не и невозможна) мисија.

Во ситуација на константна пропаганда, проследена со поттикнување на стравовите и на предрасудите кон маргинализираните заедници, станува неопходно пронаоѓањето на моралниот императив на новинарската професија. Тој пак, од своја страна, мора да се потпира на концептот на одговорноста и на максимата:„Оној што пасивно го

прифаќа насилството е еднакво инволвиран како и оној што го спроведува. Оној што не му се спротивставува на злото всушност соработува со него“ (М. Л. Кинг).

На крајот на денот, во прашање е опстанокот на суштествената новинарска мисија – да се кажува вистината, да се биде независен и да се биде одговорен кон другите.

# Дискриминацијата во медиумите и како таа да се избегне

*Роберто Беличанец*

## Правни и регулаторни стандарди

Описот на стандардите за третирање на сексуалната ориентација и на припадниците на ранливите групи ќе го започнеме со краток преглед на воспоставените правни мерила, од страна на Европскиот суд за човекови права.

Европскиот суд за човекови права ја третира сексуалноста како прашање на приватност, и тоа на заштитена приватност. Во таа смисла, на неколку наврати, има донесено пресуди, во кои дискриминацијата врз основа на сексуална дискриминација ја смета за повреда на правото на приватност, гарантирано со членот 8 од Европската конвенција за човекови права, а вербалните напади или нападите преку медиумски материјал во форма на слика, карикатура, или на друго изразно средство, врз припадниците на сексуалните малцинства, не ги смета за заштитени со членот 10 . Во своите одлуки најчесто се повикува на членот 14 од Конвенцијата, кој гарантира заштита од дискриминација.  Особено треба да се има предвид дека во неколку случаи (Bączkowski and Others v. Poland (no. 1543/06) и Alekseyev v. Russia (no. 4916/07, 25924/08 and 14599/09)) „парадите на гордоста" ги третира како легитимно практикување на правото на слобода на собирање и на здружување, наведено во членот 11 на Конвенцијата и на правото на слобода на изразување, гарантирано со членот 10 од Европската конвенција.

Со пресудата во случајот Vejdeland and Others v. Sweden, 9.2.2012, се воспоставува начело дека хомофобичните изјави и медиумски материјали не спаѓаат во легитимно практикување на слободата на изразување заштитена со Конвенцијата. Апликантите барале заштита на правото на слобода на изразување, откако Шведскиот суд ги прогласил за виновни за ширење на омраза, затоа што дистрибуирале летоци во училишните шкафчиња, на коишто пишувало дека „хомосексуалноста е девијантна склоност" со „деструктивен ефект врз општеството" и дека е одговорна за ширењето на ХИВ и на СИДА. Судот ова го оценил како говор на омраза и пресудил дека таквиот говор не е заштитен со правото на слобода на изразување опишано во членот 10 од Конвенцијата. Во својата пресуда судот нагласува дека „Дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација е еднакво сериозна како и дискриминацијата врз основа на расата, потеклото или на бојата на кожата[3]"

**-„Дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација е еднакво сериозна како и дискриминацијата врз основа на расата, потеклото или на бојата на кожата" – Европски суд за човекови права;**

Нашиот Закон за радиодифузија, кој е единствен закон во медиумската област во моментов, проблемите на дискриминацијата ги третира во два члена, во кои се воспоставуваат начелата на програмските стандарди за радиодифузните организации и обврските на јавниот сервис, и тоа:

„Член 68

Радиодифузерите дејноста ја вршат преку емитување радио или телевизиска програма. Радио и телевизиските програми се темелат врз следниве принципи: (точка 2)

3 Закон за радиодифузна дејност, Службен весник на РМ 100/95, членот е цитиран парцијално

- негување и развој на хуманите и морални вредности на човекот и заштита на приватноста и на достоинството на личноста;
(точка 3)
- еднаквост на слободите и на правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и на граѓанинот;
(точка 4)
- поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло;
(точка 5)
- поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи;
(точка 7)
- отвореност за различни политички мислења и гледишта;
(Точка 8)
- објективно и непристрасно прикажување на настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања[4];

Член 121
Заради остварување на јавниот интерес, МРТ е должна:
(Став1. Точка 2)
- да ја развива и планира програмската шема во интерес на целата јавност и да произведува и емитува програми за сите сегменти на општеството, без дискриминација, водејќи притоа сметка за специфичните општествени групи;
(Став 1. Точка 5)
- да го промовира почитувањето на основните човекови права и слободи, демократските вредности и институции, да ја почитува приватноста, достоинството, угледот и честа на човекот;[5]

4 Ibid
5 Ibid – членот е цитиран во целост

Член 122
МРТ е должна, при создавањето и при емитувањето на програмите, да ги почитува професионалните принципи и на различните интереси во општеството да им обезбеди рамноправен пристап, да се залага за слободата и плурализмот на изразување на јавното мислење, како и да спречи каков било облик на расна, верска, национална, етничка и друга нетрпеливост.[6]"

Советот за радиодифузија, низ својата пракса во изрекување на мерки кон радиодифузерите за прекршување на програмските стандарди по член 68, ја вклучува и сексуалната ориентација, иако таа не е експлицитно спомената во членот.

Така, на пример, за изјава на уредникот на Сител – Драган Павловиќ-Латас: „Дали во Македонија треба да се поддржат со закон хомосексуалците, луѓето од ист пол, да склучуваат бракови? Во Америка тоа не е дозволено. Барак Обама, кога сакаше да ја засили својата предизборна кампања, рече дека треба да се поддржи Америка да има хомосексуални бракови. Само десетина дена потоа тој загуби пет проценти во однос на противкандидатот на Републиканците Мит Ромни, и наместо водство сега Барак Обама е втор. Мит Ромни е прв, и вели: Не, на Америка не и треба таков луксуз. ж" – Советот за радиодифузија изрекува мерка - писмена опомена за прекршување на начелата на член 68 од Законот, притоа повикувајќи се на правото на еднаквост на граѓаните, според член 8 од Уставот на Република Македонија[7]. За овој случај програмскиот сектор на Советот во своето мислење се повикува на меѓународните документи, праксата на Судот за човекови права во Стразбур и на домашната пракса и заклучува: "Нерационалниот страв кон хомосексуалците и хомосексуалноста, по дефиниција е хомофобија. Од друга страна, токму примерот дека прашањето на изедначувањето на правата на хомосексуалците со хетеросексуалците е тема на (претстојната) претседателска трка, претставува и показател дека прашањето за истополовите бракови во САД не е решено – спротивно на впечаток што се добива од полувистината изнесена на почетокот од најавата („Во Америка тоа

6 Извештај од анализата на прилог во вестите на ТВ Сител од 18 мај 2012, Сектор за програмски работи на Совет за Радиодифузија.
7 Ibid

не е дозволено"). Впечатлив е и изборот на термин со кои ќе се пренесе ставот на Мит Ромни – „луксуз". Основните слободи и права на човекот, согласно релевантните меѓународни акти и Уставот на Република Македонија се еднакво достапни за сите, и настојувањето на која било група граѓани да се избори за еднаквост во правата без оглед на својата различност не може да се определи како луксуз...

..." Со ваквото стигматизирање и етикетирање се врши дискриминација врз основа на сексуална ориентација, а со изборот на изнесување полувистини и невистини, контрадикторности и некритичко осврнување на чинови на насилство кон хомосексуалците, преку еден навидум рационален јазик се шири еден нерационален страв – хомофобијата. Прекршен е членот 68 од Законот за радиодифузната дејност и тоа принципот за негувањето и развојот на хуманите и морални вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста (став 2 алинеја 2) и принципот за еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот (став 2 алинеја 3)"[8].

Латас одговори во „Вечер" со текст – „Педерите се секогаш во право" .

Со ова, иако, во пракса, ги изрекува најблагите мерки за радиодифузерите, Советот за радиодифузија ја следи современата тенденција за изедначување на дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација со другите типови на дискриминација.

Советот за радиодифузија, во новата Предлог-стратегија за развој на радиодифузијата како општа состојба во медиумите, го нотира следново: „Се чини дека на македонските медиуми потешко им е да оценат и кога завлегуваат во дискриминација при известување за различности, особено врз основа на родот,

8 "Предлог - Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија 2013-2017, Совет за радиодифузија, декември 2012", 1.6. Програмски стандарди за човековите права, стр 34

сексуалната ориентација или на припадноста кон некоја маргинализирана група. Меѓу клучните проблеми детектирани кај медиумите, во поглед на третманот на маргинализираните групи, се посочува тоа што дел од нив имаат сериозен отпор да го прифатат концептот „маргинализирана група“; поголемиот дел не ги препознаваат нивната дискриминација и социјалното исклучување; во коментарите на некои медиуми има негативни стереотипи, предрасуди, хомофобични и националистички изјави и говор на омраза; дел не го почитуваат правото на приватност на припадниците на овие групи, или го зајакнуваат нивното негативно претставување, пред изборната кампања и за време на нејзиното траење.;некои не ги почитуваат веќе изречените мерки од регулаторот, а само дел се чувствителни при изборот на соодветни изрази за именување на припадниците на маргинализираните групи.

**- „Едно истражување, во кое биле спроведени 28 квалитативни интервјуа со новинари и уредници, покажало дека мнозинството од нив „се согласуваат дека меѓу новинарите постојат повеќе предрасуди во однос на сексуалната определба, кон некои маргинални групи и кон луѓето со инвалидитет, бидејќи не е доволно изградена свеста дека, во основа, сите луѓе се еднакви“, и дури дека има и „примери кога некои новинари отворено ги потхранувале предрасудите кон некои маргинални групи и кон припадниците на ′геј′ заедницата.“ – Совет за радиодифузија на РМ.**

Всушност, односот кон припадниците на маргинализираните групи е едно од оние прашања што директно задираат во почитувањето на професионалните новинарски принципи и новинарската заедница треба со нив да се соочи и да понуди решенија преку саморегулаторни акти и преку едукација.

Едно истражување, во кое биле спроведени 28 квалитативни интервјуа со новинари и уредници, покажало дека мнозинството од нив „се согласуваат дека меѓу новинарите постојат повеќе предрасуди во однос на сексуалната определба, кон некои маргинални групи и кон луѓето со инвалидитет, бидејќи не е доволно изградена свеста дека, во основа, сите луѓе се еднакви", и дури дека има и „примери кога некои новинари отворено ги потхранувале предрасудите кон некои маргинални групи и кон припадниците на 'геј' заедницата."[9]

Посветувањето на внимание на проблемот во Стратегијата за радиодифузна дејност покажува, исто така, дека Советот за радиодифузија одлично ги лоцирал проблемите на медиумска дискриминација, нетоleranција и на говор на омраза кон сите маргинализирани групи.

Слободата на говор не е апсолутна слобода, таа е ограничена со другите права во системот на човековите права и не може да се користи за дискриминација, виктимизација или, пак, за дисквалификација на личноста врз основа на некое негово социјално својство. Едноставно, правото е ограничено со други права.
Дискриминаторскиот наратив во медиумите не е само проблем што произлегува од системот на заштита на човековите права, туку претставува и кршење на професионалната новинарска етика. Освен тоа, не треба да се заборави дека стереотипизацијата има кумулативен ефект и дека изложеноста на публиката на ваква содржина претставува основа за трајно зацврстување на стереотипите и основа за натамошна дискриминација на маргинализираните групи во сите сфери

9 "Предлог - Стратегија за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија 2013-2017, Совет за радиодифузија, декември 2012", 1.6. Програмски стандарди за човековите права, стр 34

на општеството. Медиумот, од тој аспект, има одговорност и како воспитувач на публиката за нејзиниот однос кон овие групи.Ова особено важи за јавниот радиодифузен сервис кој, барем теоретски, би требало да ја има и функцијата на социјален интегратор. Токму затоа, за него важат посебни програмски стандарди и тој има обврска на своите програми да оневозможи користење на говор на омраза или дискриминациски израз. Обврската е генерална и важи за сите социјални групи, без исклучок.

## Феномени и техники на дискриминација во медиумите

Нарушувањето на правото на приватност во медиумите и дискриминацијата, кога се работи за сексуалната ориентација или здравствената состојба на лицата со ХИВ/СИДА, најчесто, се прави преку отворен говор на омраза, прикриен говор на омраза, стереотипизација, дискредитација и секундарна дискредитација, малициозна врамувачка контекстуализација, алузии и лажни компарации, како и преку колатерална дискриминација.

### 1. Стереотипи

Стереотипот е контејнерот, во кој ги фрламе сите припадници на одредена група без оглед на нивните реални поединечни својства. Стереотипизацијата претставува процес, во кој категоризираните припадници на групата добиваат групни социјални или психолошки својства и, со тоа, се избегнува напорот да се размислува за конкретни единки. Примарната функција на стереотипизацијата е намалувањето на комуникацискиот напор и на неговата рационализација. Стереотипот може да биде и позитивен и негативен, но тој никогаш не е апсолутен, затоа што зависи од говорителот. Различни стеротипи се појавуваат за истиот поим во различни социјални средини.

Стереотипот не е само јазична категорија, тој е одраз на перцепцијата на другиот, како и на самоперцепцијата во одредена социјална средина.

Стереотипите се историски форми и претставуваат производ на колективна свест, па, обично, за нив не се размислува кога се употребуваат, туку се прифаќаат како вечно дадени вистини. Формирањето на стереотипот, обично, има историски корен. Во одредена точка на живеењето на одредена група се случил контакт со друга група или, пак, во рамките на една социјална средина се издвоила група со различен животен стил или со различни убедувања, што довело до појава на нова динамика на односи. Од перцепцијата на меѓусебните односи, пак, се формирале базичните стереотипи. Формирањето на стереотипот е двонасочен процес и се одвива врз основа на социјална динамика, во која, и групата што е предмет на стереотипизацијата, и оној што го формира стереотипот меѓусебно влијаат врз неговото дефинирање. Како што се развиваат стереотипите, тие создаваат повратна спрега, низ која што самите се зацврстуваат и се доизградуваат или, пак, се разградуваат. Тие се конструкти и, како и сите конструкти, се подложни на измени и деконструкција, но праксата покажува дека се долговечни и дека многу полесно се конструираат, отколку што се деконструираат.

Зборовите не се еднозначни и јазикот е проверено непрецизен инструмент базиран на непишана конвенција за значењето на зборовите. Тука стереотипите играат моќна улога во воспоставувањето на комуникациски протокол, преку кој се обезбедува пораката на испраќачот да биде примена што е можно попрецизно од страна на примателот. Стереотипите се идеални за медиумска комуникација. Медиумското изразување налага краток израз и економизирање на јазикот. Од тој аспект, употребата на стереотип го ослободува авторот од натрупани изрази и претерано детализирање. Вториот аспект што влијае врз нивната употреба е тоа што, ниту медиумот, ниту новинарите не се надвор од општеството, и затоа употребата на стереотипите најчесто е несвесна.

За разлика од несвесната употреба на стереотипот, во моментите кога медиумот се јавува како креатор на стереотипот, употребата е свесна и има

цел да се постигне одредена перцепција кон одредена група. Ова се користи во пропагандни цели, при што медиумот е средство што се користи од страна на актер што ја креира пропагандната акција. Притоа, медиумот, или се јавува во функција на изманипулиран пренесувач на пораките или, пак, свесно учествува во создавањето на стереотипот, заедно со надворешниот актер.

**Медиумското изразување налага краток израз и економизирање на јазикот. Од тој аспект, употребата на стереотип го ослободува авторот од натрупани изрази и претерано детализирање. Вториот аспект што влијае врз нивната употреба е тоа што, ниту медиумот, ниту новинарите не се надвор од општеството, и затоа употребата на стереотипите најчесто е несвесна.**

Она што е особено важно е да се истакне и кумулативното дејство на секојдневното медиумско известување во креирањето на стереотипот, кое може да се појави како несвесна реакција на консумирањето на медиумите. Така, на пример, долготрајната изложеност на медиумски материјал, во кој, преку црните хроники, припадниците на едно малцинство речиси секогаш се претставени со име и со презиме, а припадниците на другите заедници со иницијали, на долг рок, создава впечаток дека тоа малцинство е криминогено. Во ваквиот случај, примателот на медиумската порака од комуникацискиот талог, во главата формира несвесен стереотип поради репетитивната изложеност на ваков медиумски материјал.

Вообичаениот стереотип за хомосексуалноста, којшто е во оптек, е дека таа претставува психичко заболување. Таквиот стереотип има поддршка во долгогодишното третирање на хомосексуалноста како психијатриско заболување. Грешките во науката остануваат популарен стереотип, долго време по напуштањето на погрешните теории и се преточуваат во „common sense", во општо „знаење" на масите во форма на општоприфатен стереотипизиран „факт", кој се разбива многу потешко, отколку научните теории што подлежат на постојано преиспитување. Дополнителен фактор тука игра и криминализацијата на одредени типови на

однесување, којашто била присутна во социјализмот, каде што била третирана како „противприроден блуд". Самиот опис на „кривичното дело" накалемува уште еден стереотип – тоа дека хомосексуалноста е против природата.

Правниот систем, како извор на стереотипи, се јавува и кај корисниците на наркотици. Концептот на „војна против дрогите", кој се имплементира во правните системи на мнозинството држави во светот, ја криминализира употребата на дроги за да ја намали нивната побарувачка. Не навлегувајќи во успешноста на оваа тактика, споредниот ефект на оваа криминализација е производство на цврсто вкоренет стереотип дека корисникот на дроги е криминалец, сам по себе.

Лицата со ХИВ/СИДА, исто така, се предмет на стереотипизации поврзани со хомосексуалноста или со користењето на дроги. Медиумите, како ноторни поддржувачи на општествениот „статус кво" и како дел од општествениот систем, во различни форми и во различно време, ги зајакнуваат овие стереотипи.

## 2. Говор на омраза

Говор на омраза има кога се злоупотребуваат заедничките социјални својства на групата (етничка, религиозна или родова припадност, сексуална ориентација, болест), со цел таа да се навреди или јавно да се понижи или, пак, да формира предрасуди, омраза или да предизвика дискриминација или насилство кон таа група.[10]

Говорот на омраза може да биде насочен кон поединец, ако во него се користи припадноста кон одредена социјална група за да се дискриминира, навреди,

10 Hate speech is a communication that carries no meaning other than the expression of hatred for some group, especially in circumstances in which the communication is likely to provoke violence. It is an incitement to hatred primarily against a group of persons defined in terms of race, ethnicity, national origin, gender, religion, sexual orientation, and the like. Hate speech can be any form of expression regarded as offensive to racial, ethnic and religious groups and other discrete minorities or to women., - http://definitions.uslegal.com/h/hate-speech/

предизвика насилство кон него или, пак, да се дисквалификува од јавната сцена. Обичните навреди, клевети и говорот што не ги исполнува горните предуслови не можат да се карактеризираат како говор на омраза.

Говорот на омраза е насилство. Тоа е форма на вербално и симболичко насилство што поттикнува на физичко насилство. Историското искуство со фашизмот и со неговата пропаганда, базирана врз идејата за расна супериорност на германскиот народ, ја чинеше планетата милиони жртви. Говорот на омраза ги користи старите и создава нови опасни стереотипи за супериорност и за инфериорност на цели социјални групи и го релативизира злото на дискриминацијата.
Пропагандата базирана на говор на омраза, во суштина, претставува артилериска припрема за реалното насилство, кое, речиси секогаш, во помала или поголема мерка, го следи. Неговата функција е одземање на човечката димензија на предметот на омраза и негово прикажување како нешто потчовечко, нешто меѓу животно и човек и, со тоа, укинување на системот на човекови права за припадникот на таа група и ослободување на моралните стеги и табуа за користење на физичко насилство.
Така, секој иден чин на реално насилство станува „морално одбранлив" во очите на извршувачот на насилството, кој останува убеден дека не прави ништо лошо, затоа што неговата мета му припаѓа на нешто што се отчовечило и преминало преку вообичаените претстави за добро и за лошо во свет што не е човечки.
Сведувањето на единката на само една, негативна, социјална категорија претставува нејзино отчовечување и таа се исклучува од човечката заедница преку нејзината припадност на таа категорија. На крајот, дури и незамисливото, убиството, станува легитимен морален избор за справување со девијантниот супхуман субјект.

Говорот на омраза се претставува како легитимен политички говор, од страна на дел од уредниците и новинарите, коишто го користат со леснотија. Неговите носители вообичаено истакнуваат аргументи дека лимитирањето на тој говор ја „стерилизира политичката дебата", дека „ја крши слободата на изразување" и

дека ги нарушува политичките права. Но, ваквите аргументи паѓаат пред еден контрааргумент – говорот на омраза поттикнува насилство и е опасен за животот на луѓето. Затоа е потполно легитимно тој да биде издвоен од јавниот дискурс, да биде обележан и, во своите екстремни случаи, судски процесиран.
Степенот на ограничување на ваквиот говор, пред сè, зависи од контекстот, во којшто тој се случува и од неговата ефективност. Сосем поинаков случај е кога таквиот говор е присутен во маргинален медиум со лимитиран број на публика, наспрема говор што се случува во „мејнстрим" медиум или, пак, во дела што имаат научни или образовни претензии. Поради ефектот на кумулативно дејство, медиумите имаат етичка должност да внимаваат на појавата на негативна стереотипизација, поттикнување на омраза кон одредени групи во општеството или на нивна посредна или непосредна стигматизација.

Кога се во прашање сексуалните малцинства, говорот на омраза дополнително се оправдува во јавноста како одбрана на „нормалниот, здрав начин на живот". Овде, всушност, се гледа силата на воспоставените стереотипи за сексуалноста што се својствени за патријархалната култура. Тие се појавуваат како конструкти, однапред прогласени за вечни и несомнени вистини, а тоа што стои наспроти тие „вистини" се прогласува како „болест", „аномалија" или „девијација" (психичка или општествена). Овој доминантен став се поткрепува со термините „природно" и „неприродно" и се поткрепува со биолошко-репродуктивни аргументи. Но, целокупниот наратив, всушност, нема никаква врска, ниту со биологијата ниту, пак, со психичкото здравје на единката, туку служи само, и исклучиво, за маргинализација и за исклучување на единките што не практикуваат хетеросексуален или, пак, прифатлив традиционален патријархален животен стил.

Сексуалноста е особено податлива за градење на стереотипи и за употреба на квазинаучни аргументи, затоа што претставува дел од најдлабоката интима на единката и е подложна на табуизации од социјален, верски и од општествен карактер. Ако на тоа се додаде исклучителниот патријархален поглед на светот,

кој доминира во македонската социјална средина, и природната тенденција на медиумите да ѝ повладуваат на публиката и да одржуваат општествен „статус кво", се добива плодна почва за отворен и прикриен говор на омраза кон сексуалните малцинства.

Отворениот говор на омраза се појавува најчесто во коментари, уводници и мислења, но и во најави на прилози на телевизијата и во забавно-информативни емисии („инфотеинмент"). Употребата на говорот на омраза насочен кон сексуалните малцинства во овие новинарски форми (освен „инфотеинмент" содржините) е својствена за уредниците или, пак, за новинари, преку кои редакцијата ги искажува своите ставови. Оттука, лесно може да се детектира доминантниот етички став на редакцијата за ова прашање и лесно може да се предвиди на кој начин редакцијата ќе ги покрива настаните преку известувачките форми.

Кај известувачките форми, говорот на омраза се појавува во скриена форма, и тоа преку употреба на дискредитирачки квалификативи (педери, курви, проститутки, наркомани, сидаши), преекспонирање (кога припадноста на ранливата група воопшто не е битна за приказната, а сепак се нагласува или, пак, ѝ се посветува преголемо внимание), или пренагласена атрибуција (кога како основа за мотивот на актерот во приказната се зема неговата припадност кон ранливата група).

Од сите случаи на прикриен говор на омраза во известувањето особено е опасен т.н. пристап „Bad Science". Се работи за користење на релевантен експерт за пласирање на мислење што ќе ги зајакне предрасудите. Техниката на пристапот е следнава: На публиката ѝ се пласира мислење на лекар што не е втемелено во научните истражувања, туку претставува, или негов впечаток или, пак, негова лична предрасуда. Неговата титула или, пак, функција претставува позиција на авторитет за публиката, која не навлегува во подлабоко анализирање на неговиот исказ. Вообичаено, како аргументација на исказот се даваат анегдотски

„факти", коишто се претставуваат како правило и, така, предрасудата се витка во целофанот на „научно мислење". Ефектот е заемно зајакнување на предрасудите и дополнителна маргинализација на групата што била предмет на ваква „медиумско-научна" обработка.

**Отворениот говор на омраза се појавува најчесто во коментари, уводници и мислења, но и во најави на прилози на телевизијата и во забавно-информативни емисии („инфотеинмент"). Употребата на говорот на омраза насочен кон сексуалните малцинства во овие новинарски форми (освен „инфотеинмент" содржините) е својствена за уредниците или, пак, за новинари, преку кои редакцијата ги искажува своите ставови. Од тука, лесно може да се детектира доминантниот етички став на редакцијата за ова прашање и лесно може да се предвиди на кој начин редакцијата ќе ги покрива настаните преку известувачките форми.**

### 3. Дискредитација

Дискредитацијата се користи на два начина:

А) првиот начин е кога директно се дискредитира припадник на одредена маргинализирана група, преку користење на стереотипите и на говорот на омраза врз основа на неговата припадност кон таа група;

Б) вториот начин, пак, е кога на лице што не е припадник на таа група му се припишува припадност или дел од стереотипите што постојат за таа група.

За разлика од говорот на омраза, кој е цел сам за себе, во овие случаи, тој се користи како алатка за изместување на дискусијата и за отстранување на соговорникот од јавноста, преку таргетиран личен „ад хоминем" напад. И во двата случаја тој се користи за менување на темата и за префокусирање на вниманието на публиката од темата врз соговорникот.

Додека во првиот случај се работи за класична дискриминација, вториот претставува двојна дискриминација преку натамошно зацврстување на негативниот стереотип. Имено, зацврстувањето на стереотипите се случува преку заемен „фидбек" на две категории што вештачки се изедначуваат и, притоа, негативниот полнеж на стереотипот се префрла врз човекот што се дискредитира и обратно.

Целта е да се укаже дека соговорникот, или личноста за којашто се говори има такви ставови, затоа што ПРИПАЃА на малцинска група (која, патем, е лоша, затоа што отстапува од прифатените стандарди за нормалност), и дека затоа не вреди да се полемизира со неговите/нејзините ставови, затоа што тие механички произлегуваат од нејзиниот претпоставен идентитет.

Ваквиот пристап создава во јавноста синџири на стереотипизација преку

изедначувањата. На пример, ако си хомосексуалец, тогаш си атеист, а штом си атеист, тогаш си „комуњара“; штом си „комуњара“, тогаш си „соросоид“, а штом си „соросоид“, тогаш си „издајник“; штом си „издајник“, не си Македонец, а штом не си Македонец, твоето право да зборуваш за општеството, во кое што живееш е минимално и е дадено од мнозинството. Методата апелира на внатрешните чувства на публиката што потекнуваат од стереотипите, а кога сексуалните малцинства се во прашање, се работи за табуизирани, цврсто вкоренети, емотивно вознемирувачки ставови.

**“Синџири на стереотипизација преку изедначувањата. На пример, ако си хомосексуалец, тогаш си атеист, а штом си атеист, тогаш си „комуњара“; штом си „комуњара“, тогаш си „соросоид“, а штом си „соросоид“, тогаш си „издајник“; штом си „издајник“, не си Македонец, а штом не си Македонец, твоето право да зборуваш за општеството во кое што живееш е минимално и е дадено од мнозинството. Методата апелира на внатрешните чувства на публиката што потекнуваат од стереотипите, а кога сексуалните малцинства се во прашање, се работи за табуизирани, цврсто вкоренети, емотивно вознемирувачки ставови.“**

Ова, обично, се прави од позицијата на авторитетот на некој водител, јавна личност, политичар или на некој експерт. Преку нивната позиција на „авторитет“, се оправдува етикетирањето и/или дискредитацијата, како

„нормална" за општеството. Се разбира, како и кај говорот на омраза, и овде се користи приниципот на т.н.р. „Bad Science" со таа разлика што метата не е група туку групниот означувач се користи за лична дисквалификација.

### 4. Малициозна врамувачка контекстуализација

Медиумот секогаш, без исклучок, функционира преку презентација на врамена реалност. Имено, поради сопствената ограниченост со простор и со време, медиумите секогаш зафаќаат околу 1-2% од она што, на дневна основа, се случува во едно општество. Поради тоа, тие се присилени да селектираат содржини, за кои претпоставуваат дека се битни за публиката или, пак, за општеството.

Селекцијата секогаш останува битен дел од уредувачкиот процес. Тој теоретски има за задача да избегне преекспонирање на теми и на настани што имаат маргинално влијание врз главните текови во општеството. Од тој аспект, и најлибералните медиуми се појавуваат како одржувачи на општествен „статус кво" и се подложни на масовна употреба на стереотипи, заради економизација на просторот и на времето, претпоставувајќи дека тие стереотипи имаат еднозначни или, барем, претежно утврдени значења и дека, на тој начин, ќе бидат поблиски до публиката.

Новите бранови на политичката коректност се базираат на когнитивните теории, кои несомнено утврдиле дека означувачите (зборовите), дури и кога се употребуваат во позитивен контекст, сепак, со себе го носат и негативното значење, затоа што, при препознавањето на одреден збор, човечкиот мозок активира одредени невронски мрежи, кои тој збор го поврзуваат со претходното искуство, па тоа што мозокот го препознава, наместо да ја разбие, во суштина, ја зајакнува предрасудата.

Натаму, ниту еден медиумски производ не постои надвор од јавниот контекст,

кој, во крајна линија, е преекспонирана реалност од страна на збирот на медиуми, помешан со пораките создадени од другите актери во општество и со очекувањата и знаењата на публиката, коишто го создаваат контекстот. Значи, селекцијата и изборот на начинот на покривање на настанот се нужни рамки, во кои медиумот ја врамува реалноста и создава хиперреалност што се поврзува со реалноста во цврст „фидбек", потхрануван од базичните психосоцијални карактеристики на публиката.

Значи, иако врамувањето вообичаено се третира како пропагандна техника, тоа, во суштина, е вградена грешка во медиумската комуникација, а ,впрочем, и во секоја човечка комуникација.

Проблемот, како и секогаш, се појавува во мотивите, намерите и во очекуваните ефекти. Затоа, малициозноста претставува битен елемент при оценката на медиумскиот материјал во одреден контекст. Значи, кога имате систематски кумулативен пристап на предселекција на негативни настани за цела одредена група да се прикаже како проблематична во општеството, се работи за обид за промена на општествената парадигма, или за зацврстување на одредена предрасуда на систематско ниво, во форма на уредувачка политика.

Во овој пристап има сериозен проблем, затоа што се работи за долгорочна политика на медиумот и, вообичаено, кон прашањето има систематски пристап, во кој се брани одреден дискриминаторски став, користејќи ги сите можни известувачки и коментаторски форми, во поддршка на дискриминацијата.

Тоа се прави во подолга временска рамка, затоа што имплантирањето на ставови кај публиката или одржувањето на предрасудите функционира само преку постојана изложеност на публиката кон такви ставови, предадени преку различни форми. Употребата на различни жанрови, мултипликацијата на изворите, визуелниот материјал врамен со сугестибилни текстуални пораки, опремите на текстовите, или најавите на прилозите се во функција да ја убедат

публиката дека овој став е легитимен и вистинит, без дискусија.

За разлика од нормалното новинарско врамување заради ефикасноста во известувањето, при што се употребуваат новинарски техники, малициозното врамување ги злоупотребува новинарските форми како алатка за убедување. И, додека кај новинарството врамувањето е нужност, малициозното врамување претставува свесна злоупотреба на формите за пласирање на одредена убедувачка содржина. По аналогија на „Bad science", овде се појавува квазиновинарство, во форма на „Bad journalism". Но, овој „bad journalism", кога станува систем, има друго име и се вика пропаганда. Таков пример е целокупното покривање на темата „Посвојување на деца од страна на лица во истополов брак" споменато претходно.

> **Употребата на различни жанрови, мултипликацијата на изворите, визуелниот материјал врамен со сугестибилни текстуални пораки, опремите на текстовите, или најавите на прилозите се во функција да ја убедат публиката дека овој став е легитимен и вистинит, без дискусија.**

## 5. Колатерална дискриминација

Веќе споменатиот вознемирувачки капацитет на сексуалноста, кога се сексуалните малцинства во прашање, се користи и како „општествена тема", со цел, да се пренасочи вниманието на јавноста, од дневната политичка агенда, врз прашања поврзани со интимата на овие групи.

Таков пример имавме, кога во Македонија наеднаш се појави, како топ тема,

усвојувањето на деца кај истополови бракови, подгреана од страна на министерот за труд и социјална политика. Медиумите веднаш ја голтнаа темата и започнаа дебати, а одредени медиуми дури и бараа од политичките партии да се изјаснат за неа. Целата работа беше надреална, затоа што: а) во Македонија не постои таква форма на брак, б) никој не побарал на јавна сцена таква форма на брак, ц) па, оттука, не се ни дошло до прашањето за посвојување на деца.
Но, медиумите воопшто не се занимаваа со ова, туку наеднаш се претворија во полигон на зовриено подгревање на веќе познатите предрасуди со методите што претходно се опишани. Настрана фактот што мотивацијата за поставување на агенда за ова прашање од страна на владејачките партии остана неразјаснета и по извесен период замре, како што и се појави. Како и да е, комбинацијата „изопачена сексуалност" и „воспитување на деца" ги погоди емоциите на публиката, којашто беше прилично вознемирена и мобилизирана против „неприродноста" на една таква замислена институција.

Она што медиумите не го направија, а требаше да го направат е да ги постават токму базичните прашања – Кој го бара тоа? Има ли можност за истополов брак во Македонија? И целата приказна ќе прснеше како меур од сапуница. Но, токму спротивното, имајќи пред себе тема што емоционално ја дразни публиката, тие се вклучија во приказната, целосно игнорирајќи ја реалноста и влегоа во креирање на хиперреалност, затоа што знаат дека, кога публиката е емотивно вознемирена, нивата можност за заработка и за наметнување на ставови врз публиката е далеку поголема.

**Вознемирувачкиот капацитет на сексуалноста се користи и како „општествена тема", со цел, да се пренасочи вниманието на јавноста, од дневната политичка агенда, врз прашања поврзани со интимата на припадниците на сексуалните малцинства.**

Ова впрегнување на мртва тема поттикна огромно количество на говор на омраза и нетолеранција во коментарите на интернет и на социјалните мрежи, а заврши со реално насилство врз еден активист. Иако целта на кампањата, по се изгледа, беше темата да се лансира и да му се пришие на политичкиот противник, сепак жртвата на дискриминацијата беа припадниците на сексуалните малцинства.

## Практичен водич за одбегнување на дискриминаторско известување

### Емпатичност и етика

Суштинскиот елемент штоизвестувачот и репортерот треба да го развијат за да избегнат дискриминитарско известување е базичната емпатија. Наједноставното прашање на светот – што е она што не сакам некој мене да ми го направи? Тоа што не сакам мене да ми се направи, не треба ни јас да го правам.

Едноставно препрочитување на текстот и ставање во кожата на актерите што се третирани внатре, во принцип, може да отстрани многу од несвесниот дискриминаторски пристап, кој останал како продукт од социјализацијата на новинарот во одредена заедница.

Секој од нас припаѓа на одредени социјални стратуми и групи. Авторот би требало да се сврти кон себе и да ја препознае припадноста кон одредена група, а потоа да го замени името на таа група со името на сексуалното малцинство или на маргинализираната група во текстот. Ако самиот не се почувствува навреден или дискриминиран, значи дека текстот е во ред, во спротивно, потребно е да го преработи и повторно да го прочита.

## Познавање на системот на човекови права

Познавањето на системот на човекови права во елементарна основа е предуслов за квалитетно известување за маргинализираните заедници. Базичното начело дека правото на поединецот завршува таму каде што почнува правото на другиот никогаш не треба да се заборава.

Притоа, не се работи секогаш за исто право. На пример, моето право на слобода на изразување е ограничено со правото на приватност на другиот, но тоа ограничување не е апсолутно, доколку заштитата на приватноста на другиот оневозможува легитимна дебата.

Европската конвенција за човекови права е лесно достапна и претставува базичен документ за заштитата на човековите права. Таа е директно применлива во судовите во Македонија, а, исто така, претставува темелен правен документ врз чија основа се суди во Судот за човекови права во Стразбур.

Уставот на Република Македонија, во својата 2. глава „Основни слободи и права на човекот и граѓанинот", исто ги наведува базичните човекови права, врз коишто се темели правниот поредок во РМ.

Познавањето на системот на човекови права помага за точно препознавање на нарушувањето на правата на единката при известувањето. На тој начин, се одбегнува конфузијата за типот на повредата на правата што често се јавува кај нас. И најбитно од сѐ, овозможува да се избегне говор на омраза или стигматизација на одредена група.

## Користење извори

Критичкото користење на изворите и проверката на нивната релевантност, но и проверката на информацијата добиена од изворите се критична точка во секое

известување .

Кога се работи за известување за маргинализираните групи, изворите и податоците добиени од изворите треба да се третираат со зголемена претпазливост, поради предрасудите што постојат во општеството. Имено, самите извори, во голема мерка, се предмет на истите стереотипи и предрасуди што доминираат во општеството. Честопати, несвесно им подлегнуваат на предрасудите и, затоа, нивните изјави треба да поминат фактографска проверка пред да се објават.

Кога се работи за користење на експертско мислење, треба да се инсистира на научниот извор што експертот го користи и врз којшто го темели своето мислење. На ваков начин, се избегнува воведувањето на „Bad science" во известувањето или, пак, прогласувањето на анегдотски појави како правило.

При користењето на истражувања на јавното мислење како извор, потребно е да се посвети внимание на методолошкиот дел, и тоа на начинот, на којшто е „семплиран" примерокот, на начинот, на којшто е изведена анкетата, на процентот на грешка и слично. Анкетите што се правени на примероци што не се репрезентативни или, пак, анкетите на интернет-страниците, односно анкетите што немаат научна методологија не треба да се користат како извор. Доколку, пак, се користат анкети правени според научна методологија, тогаш побарајте од авторите на анкетата тие да ви го направат вкрстувањето на податоците, доколку тоа што ве интересира не се наоѓаа во главните заклучоци на аналитичкиот дел од анкетата.

При користењето на приватни фотографии или на статуси собрани од социјалните мрежи, кое, не само што не е релевантен извор, туку е и етички проблематично навлегување во приватноста на друга личност (без оглед на јавниот карактер на мрежата, за секое публикување треба да побарате дозвола од сопственикот на профилот, а исклучок од ова правило се јавните личности), најчесто, не сте во состојба до крај да го разберете контекстот, во кој е создаден материјалот,

доколку таа личност не ја следите редовно.

Користењето на „You Tube" видеоклипови, исто така, треба да се прави крајно претпазливо, затоа што современата технологија овозможува релативно лесно производство на монтиран материјал, со цел да предизвика внимание.

**При користењето на приватни фотографии или на статуси собрани од социјалните мрежи, кое, не само што не е релевантен извор, туку е и етички проблематично навлегување во приватноста на друга личност (без оглед на јавниот карактер на мрежата, за секое публикување треба да побарате дозвола од сопственикот на профилот, а исклучок од ова правило се јавните личности), најчесто, не сте во состојба до крај да го разберете контекстот, во кој е создаден материјалот, доколку таа личност не ја следите редовно.**

Користењето на каква било кориснички произведена содржина е голем ризик да станете жртва на т.н. „кромид", односно, на лажна вест. Затоа, пред користењето на материјалот, контактирајте го авторот и поразговарајте за околностите, во коишто е снимен видеоклипот, и обидете се да добиете потврда за неговата вистинитост од минимум уште еден извор.

Користењето на немонтиран полициски видеоматеријал или, уште полошо, на видеоматеријал монтиран од страна на полицијата, како видеоилустрација на веста, е крајно проблематично. Пред пуштањето на таквиот материјал, кој полицијата го снима за документирање на своите акции за свои потреби, треба да си поставите едно круцијално прашање: „Како го добив

материјалов и зошто го добив?" Имено, не е нормално таквиот материјал да им биде достапен на медиумите, освен ако полицијата намерно не сака тие да го добијат. Тоа нè води до прашањето: „Зошто полицијата го направила материјалот достапен?" Причини за тоа можат да бидат: од најбанално прикажување на ефикасноста на полицијата, заради подобрување на сопствениот имиџ во јавноста, до смислена тактика за дискредитација на одредена група или на одреден поединец.

Медиумот и новинарот имаат етичка должност да ги проверат мотивите за достапноста на материјалот и критички да го прегледаат дали ги задоволува критериумите за објавување, односно, дали може да се искористи за илустрирање на одреден прилог, без да се предизвика стигматизација, нарушување на приватноста или нарушување на пресумпцијата на невиност.

**Користењето на немонтиран полициски видеоматеријал или, уште полошо, на видеоматеријал монтиран од страна на полицијата, како видеоилустрација на веста, е крајно проблематично. Пред пуштањето на таквиот материјал, кој полицијата го снима за документирање на своите акции за свои потреби, треба да си поставите едно круцијално прашање: „Како го добив материјалов и зошто го добив?"**

Идеално, при известувањето би требало да се користат повеќе различни извори што можат да го осветлат настанот од повеќе аспекти. Притоа, наводите од изворот треба да бидат проверливи и проверени пред неговата употреба и новинарот не треба да даде само голи цитати од изворите, туку треба да изгради наратив што се потпира на нив. Новинарот не треба да дава интерпретација на настанот потпомогната со

извори што ја поддржуваат главната теза на текстот/прилогот и не треба да ги отфрли оние извори што не се вклопуваат во тезата – тој треба да известува за настанот.
При користењето на научни трудови во известувањето, особено внимание треба да се обрне на критиката на изворот што доаѓа од научната јавност и на релевантноста на институцијата што го публикувала трудот.

## Цитирање и користење на изјави

Цитатите и изјавите се користат за илустрација на текстот/прилогот или, пак, функционираат како составен дел од наративот. И во едниот, и во другиот случај, медиумот е речиси секогаш принуден да економизира со нивната должина, пред сѐ, поради ограниченоста со просторот.

Кратењето на долгите изјави и нивното парафразирање е редовна појава. Најбитното при кратењето е да не се менува смислата на кажаното и да не се извлекуваат изјави од контекстот, односно, да не се префрла тежиштето на изјавата од главната тема на соговорникот врз нешто што е секундарно во изјавата. Кратењето на изјавите и манипулацијата со цитатите, при коишто се изоставаат битни делови од изјавата и со кои таа се реконтекстуализира, претставуваат сериозен професионален грев. Ваквите монтажи обично се својствени за медиумите со агенда во врска со одредено прашање, односно, за медиумите што известувањето го имаат заменето со убедување на публиката во исправноста на одреден поглед на светот или на одредено политичко становиште. Во таа смисла, кај таквите медиуми, цитатите или изјавите најчесто се јавуваат во форма на илустрација на текстот/прилогот, а ретко како составен дел на наративот, освен кога самата/иот изјава/цитат е повод за текстот/прилогот.

Злоупотребата на изјавите најчесто се прави преку истргнување од контекстот, реконструкција и преку монтажа на изјавата за нејзина злоупотреба во друг

контекст.

При користењето на изјави и на цитати треба да се внимава на следново:

- Да не се префрла тежиштето на изјавата/цитатот на друга тема;
- Да се смести во контекстот, во којшто е изречен/а;
- Доколку се користи спротивставена изјава, и двете треба да се однесуваат на иста тема;
- При кратењето или парафразирањето на изјавата, да се извлече суштината на изјавата. За ова може да се побара помош од поискусен колега, кој би ја прегледал изјавата во оригинал, а потоа и нејзиното користење во прилогот;
- Уредниците треба особено да внимаваат на деловите во текстот, во коишто се користат цитати и изјави, и сериозно да проверат дали изјавата е извлечена од контекст и е ставена во нов контекст.
- Доколку изјавата е предолга или конфузна, замолете го соговорникот да ви ја даде уште еднаш во скратена форма. Подобро е тој самиот да ја скрати, отколку самиот новинар, при монтажата или при пишувањето на текстот. Така, не само што се заштедува време, туку се одбегнува и можноста за погрешно цитирање, за вадење од контекст и, воопшто, се смалува просторот за професионални грешки.

**Најбитното при кратењето е да не се менува смислата на кажаното и да не се извлекуваат изјави од контекстот, односно, да не се префрла тежиштето на изјавата од главната тема на соговорникот врз нешто што е секундарно во изјавата. Кратењето на изјавите и манипулацијата со цитатите, при коишто се изоставаат битни делови од изјавата и со кои таа се реконтекстуализира, претставуваат сериозен професионален грев.**

## Фокус, аспект и избегнување на преекспонирање

Секој новинарски производ има централна тема околу којашто се вртат сите елементи на текстот/прилогот. Тоа претставува фокус на текстот/прилогот и, всушност, е избор на новинарот кој аспект на настанот/темата ќе го постави како централен. Иако новинарските обука и искуство би требало да бидат доволни за поставување на фокусот врз најбитните елементи на настанот, сепак, речиси редовно, се случува преекспонирање на некој минорен детаљ или на небитен факт со интенција текстот/прилогот да се направи поатрактивен.

Ова се прави за да се привлече публиката и, премногу често, се истакнуваат бизарни аспекти или аспекти што можат да предизвикаат емотивна реакција. И, додека кај нормалните медиуми тоа е застапено во помала мерка, кај таблоидните тоа е правило без исклучок.

Припадноста кон одредено сексуално малцинство е еден таков аспект, кој многу често се злоупотребува во таблоидна функција. Всушност, многу често се случува преекспонирањето на овој аспект во целост да го проголта настанот и, во форма на емотивен шок на публиката, да стане примарната информација што останува запаметена од консументот на медиумот, долго време откако настанот ќе биде речиси целосно заборавен. На ваков начин, се врши, не само стигматизација на актерите, туку и дополнително се зацврстува стереотипот дека

**Иако новинарските обука и искуство би требало да бидат доволни за поставување на фокусот врз најбитните елементи на настанот, сепак, речиси редовно, се случува преекспонирање на некој минорен детаљ или на небитен факт со интенција текстот/прилогот да се направи поатрактивен....**

**Припадноста кон одредено сексуално малцинство е еден таков аспект, кој многу често се злоупотребува во таблоидна функција. Всушност, многу често се случува преекспонирањето на овој аспект во целост да го проголта настанот и, во форма на емотивен шок на публиката, да стане примарната информација што останува запаметена од консументот на медиумот.**

припадноста на одредено сексуално малцинство е нешто што е шокантно, само по себе, и, во суштина, општествено неприфатливо.

За да се избегне овој ефект, треба внимателно да се одбере фокусот на наративот, и тоа откако ќе се погледне низ неколку негови аспекти. Кога ќе се одбере фокусот, наративот изграден околу таа фокална точка треба да се организира со инклузија на што е можно повеќе аспекти што можат да се објаснат низ кратка форма, каква што е новинарскиот труд. Доколку некој од аспектите не може да се развие доволно, подобро е да не се вклучи во наративот, отколку да остане половично споменат и да биде преекспониран.

Кога се работи за нагласување на одредени детали или факти, тие секогаш треба да се преиспитаат од две гледни точки: колку тој факт е битен за да ја илустрира приказната и, второ, дали и како, со неговото вклучување во текстот/прилогот, се прави повреда на правото на приватност на некоја личност, се стигматизира некоја група или, пак, се зацврстуваат постојните негативни стереотипи.

## Опрема

Насловите, поднасловите, најавите, фотографиите, видеоматеријалот и легендите под фотографиите, иако спаѓаат во т.н. опрема, во суштина, имаат нагласено влијание врз начинот, на којшто публиката ќе го перципира текстот/прилогот.

Нивната примарна цел е да го свртат вниманието на публиката врз текстот и тие претставуваат „прв контакт" на читателот/гледачот со новинарскиот производ. Тие, во суштина, ги одредуваат рамките низ коишто публиката ќе го „исчитува" текстот.
Опремата, вообичаено, претставува избор на уредниците и низ неа многу лесно може да се заклучат ставовите на уредништвото за одредени прашања.

Опремата, по функција, претставува нагласување, односно, преекспонирање на одреден аспект или на повеќе аспекти на текстот. Освен кога се работи за антрефилеа, коишто претставуваат акценти издвоени од главниот ток на наративот, со функција на дополнување на главната тема со споредни, но, според авторот, битни аспекти, преку коишто може темата да се разбере дополнително.
Опремата може да биде сугестибилна, неутрална или потполно дисоцирана од текстот и да функционира како текст сам за себе.

Иако уредниците се тие што го имаат последниот збор при опремувањето на текстот, вообичаено, се бара од новинарот да ги одреди работните верзии на опремата. Со тој избор, во суштина, самиот автор ја покажува перцепцијата за сопствениот текст.

Имајќи предвид дека се работи за многу краток израз, од најчесто три-четири збора кај насловите, до максимум една реченица кај легендите под фотографиите, многу често, се користат стереотипи во функција на скратување на изразот. Токму затоа, опремата на текстовите е особено подложна на користење дискриминациски јазик, а, ако се земе предвид тоа што го рековме, дека таа ги одредува рамките на перцепција на целиот текст, многу често, се случува и најкоректниот текст да стане дискриминациски.

Но, за разлика од оваа несвесна дискриминација, имаме примери на свесна дискриминација, кога насловот и темата се во целост дисоцирани и смислено

се подметнува дискриминација. Таков пример е текстот насловен „Педерите се секогаш во право", објавен во весникот „Вечер", под кој следува банална комуникација, (банална, но не и лишена од дискриминаторски пристап), писмо на уредникот на Сител, во коешто ламентира над одлуката „ТВ Сител" да се казни за дискриминација врз основа на сексуалната ориентација.

При одредувањето на насловите, внимавајте на негативните стереотипи. Обратете внимание на тоа дека публиката ќе го прочита/изгледа текстот/прилогот, но ќе го доживее преку опремата. Затоа, обратете внимание на илустрирањето со фотографии или со видеоматеријал. Внимателно погледнете ги видеоматеријалот и фотографиите, независно од текстот, или, уште подобро, покажете му ги на некој колега и прашајте го што гледа и како гледа на нив и каква емоција му предизвикуваат. На тој начин, ќе може подобро да ги селектирате оние материјали што не се дискриминаторски или, пак, не функционираат во насока на зајакнување на негативните стереотипи.

## Јазик и стил

Јазикот и стилот може да бидат секакви, но јазикот на омразата не е стил, туку насилство. Исто така, употребата на уличен или на колоквијален израз има своја функција во приближувањето до публиката и во зголемувањето на разбирливоста. Сепак, јазикот на улицата крие многу стапици, најчесто претставува простотија маскирана во „мангуплак", која инсистира на вечно опстојување на стереотипите за маргинализираните групи. Од тој аспект, освен во функција на легитимна политичка критика, нему не му е местото во медиумот.

Значи, сето она што сте го научиле за да бидете мангуп во маало, заборавете и вклучете ја емпатијата.

## Свесност за контекст

Ниту еден производ на човечкиот дух не функционира надвор од поширокиот општествен и социјален контекст. Новинарскиот производ, пак, никако. Тој, не само што е дел од тој општествен контекст, туку е и во функција на градење на контекстот.

Оттука, новинарот секогаш треба да има две нешта на ум: Каков е контекстот во којшто делувам, и во кој правец на менување на тој контекст ќе влијае моето делување.

На пример, во исклучително хомофобична средина, со насилни инциденти, последно нешто што ќе придонесе за менување на тој контекст е „шегувањето" со сексуалната определба. Напротив, исмејувањето на другиот ја оправдува и ја зајакнува предрасудата кон другиот.

Свесноста за контекстот, во суштина, би требало да помогне и во селекцијата на теми што се битни за општествената агенда. Нешто што, на пример, речиси сите македонски медиуми не успеаја да го направат со изјавите на министерот за труд и социјала и со неговото противење на „усвојувањето на деца од страна на луѓе што живеат во истополови бракови". Дозволија да бидат префокусирани и консумирани од едно прашање што ниту еден актер не го потегна на јавната сцена. Со денови се исцрпуваа во покривањето на тема што ја нема, а што, во меѓувреме, пропуштија не може да се знае, затоа што го пропуштија.

## Заклучок

Придржувањето до етичките и професионални стандарди е доволна одбрана од внесувањето на предрасуди во текстовите/прилозите и од дискриминаторското покривање на настаните. Сепак, ниту етиката, ниту механичкото придржување

до професионалните стандарди не можат да го заменат длабокото интимно прифаќање на правото на недискриминација врз основа на сексуалната ориентација и на припадноста кон одредена маргинализирана група. Не можат да ги заменат ниту сочувството и емпатијата со општествено ранливите групи. Ниту една етичка или професионална норма не можат да компензираат варварско срце и затворен мозок.

# Дискриминацијата и говорот на омраза преку медиумите: Претставување на ЛГБТ, корисниците на дрога, сексуалните работници и на лицата со ХИВ во македонските медиуми

*Жарко Трајаноски*

## (Не)почитување на разликите, стереотипизирање, стигматизација, дискриминација

**Неразбирањето и непочитувањето на разликите во однос на сексуалната ориентација е причина за насилство и за дискриминација кон лицата со нехетеросексуална ориентација.**

Препознавањето и почитувањето на разликите е основен предуслов за етичко новинарство. Луѓето се разликуваат според многу карактеристики, но секој е еднаков пред законот. Луѓето се разликуваат според полот, родот, расата, бојата на кожата, етничкото потекло, социјалното потекло, според генетските карактеристики, јазикот, религијата, уверувањето, според своите гледишта (независно дали се политички, философски итн.), според припадноста кон некое малцинство или кон некоја маргинализирана група, според физичкиот изглед, сексуалната ориентација итн. Но, ниту една од овие разлики не би требало да биде пречка за уживање на човековите права.

Неразбирањето и непочитувањето на разликите во однос на сексуалната ориентација е причина за насилство и за дискриминација кон лицата со нехетеросексуална ориентација. Неразбирањето и непочитувањето на многу други разлики е причина за социјална и за медиумска маргинализација или за невидливост на повеќе дискриминирани групи.

Нетолеранцијата е форма на неприфаќање и на спротивставување на одредени разлики. Можеме да разликуваме повеќе форми на расна нетолеранција, родова нетолеранција, сексуална нетолеранција, нетолеранција кон припадниците на маргинализираните групи итн. Често, поради својата различност, луѓето се изложени на социјална стигма, социјално исклучување, маргинализација, невидливост, сегрегација. Стигмата се јавува како резултат на етикетирање на разликите врз основа на негативни стереотипи кон припадниците на некоја група што социјално се обележува, затоа што отстапува од доминантните културни норми. Стигматизирањето дискредитира, омаловажува и сугерира социјално исклучување на стигматизираното лице или на стигматизираната група.

На пример, корисниците на дрога, сексуалните работници, ЛГБТ и лицата со ХИВ/СИДА секојдневно се етикетираат, дискредитираат и омаловажуваат. Некои сакаат да ги „дислоцираат" од местата каде што работат или каде што се лекуваат. Некои воопшто не сакаат да имаат контакт со нив. Мнозинството од нив живеат на маргините на општеството, најчесто, нивните проблеми се невидливи за окото на јавноста, а дел од нив своите здравствени права можат да ги остварат само ако прифатат да бидат сегрегирани од другите пациенти.

Во традиционалните патријархални општества тешко се прифаќаат и разликите врз основа на полот, родот и на сексуалната ориентација.[11] Со терминот

11 Женското движење се бори против негативното претставување на жените, против сексизмот и против мизогинијата. Сексизмот упатува на потценувачките гледишта или ставови, кои сметаат дека еден пол или род (најчесто машкиот) е супериорен во однос на другиот (најчесто женскиот). Мизогинијата е термин што упатува на омразата кон жените, која

„хомофобија‟ се означуваат стравот, омразата, предрасудите и негативните ставови и чувства кон хомосексуалците. Доколку негативните ставови и чувства се насочени кон трансродовите луѓе зборуваме за „трансфобија‟. Изразот „трансродови луѓе‟ се однесува на лица, чијшто родов идентитет, или чиешто изразување на родот, се разликува од биолошкиот пол што им е одреден при раѓањето.[12]

## Медиумите, стереотипите, дискриминацијата, маргинализираните групи

Медиумите имаат моќ да ги зацврстуваат стереотипите[13]. Медиумите користат методи што водат до стереотипи што ги игнорираат поединечните карактеристики. Стереотипите во медиумите ги редуцираат и/или пренебрегнуваат разликите, а негативните стереотипи ги зацврстуваат социјалните предрасуди и нееднаквоста.

Медиумите често произведуваат зборови и претстави што повредуваат. Негативните стереотипи создаваат негативни предрасуди кон одредени поединци поради нивната различност. Во најголем број случаи, дискриминаторското однесување е поттикнато од негативни предрасуди. Некои автори дури и ја дефинираат дискриминацијата како „предрасуда во акција‟.[14]

---

е забележлива во литературата, философијата, уметностите, во хип-хоп-културата, во медиумите итн. Многу студии

укажуваат на поврзаноста на сексизмот и мизогинијата со дискриминацијата и со насилството врз жените.

12 Женското движење се бори против негативното претставување на жените, против сексизмот и против мизогинијата. Сексизмот упатува на потценувачките гледишта или ставови, кои сметаат дека еден пол или род (најчесто машкиот) е супериорен во однос на другиот (најчесто женскиот). Мизогинијата е термин што упатува на омразата кон жените, која е забележлива во литературата, философијата, уметностите, во хип-хоп-културата, во медиумите итн. Многу студии укажуваат на поврзаноста на сексизмот и мизогинијата со дискриминацијата и со насилството врз жените.

13 Тука спаѓаат транссексуалците (кои се идентификуваат како маж во тело на жена, или како жена во тело на маж), интерсексуалците (чиишто гениталии не можат да се вклопат во „двопартискиот" полов систем), трансвеститите (луѓе што носат облека од спротивниот пол) и луѓе со други родови различности.

14 Според Липман, стереотипите се „слики во нашите глави".

**Новинарите и уредниците се недоволно подготвени за препознавање на дискриминацијата, посебно, кога жртви на дискриминација се припадниците на маргинализираните групи.**

Малкуте истражувања кај нас покажуваат дека медиумите се многу малку чувствителни за концептот на човекови права и за принципите на недискриминација. Новинарите и уредниците се недоволно подготвени за препознавање на дискриминацијата, посебно, кога жртви на дискриминација се припадниците на маргинализираните групи. Наместо да се вклучат во борбата против дискриминацијата и против негативните предрасуди и стереотипи, неретко, медиумите отворено промовираат дискриминаторски ставови и социјално исклучување на припадниците на маргинализираните групи, па дури и говор на омраза.[15]

Дел од секојдневните дискриминаторски практики кон припадниците на маргинализираните групи се репродуцираат и во медиумите. Најчесто, ЛГБТ, корисниците на дрога, сексуалните работници и лицата со ХИВ се претставуваат преку говор што навредува и/или исклучува или преку слика што омаловажува. Но, можеме да идентификуваме и примена на посебни стратегии и техники, со кои се поттикнува дискриминирање, маргинализирање или исклучување на ЛГБТ, сексуалните работници, корисниците на дрога и на лицата што живеат со ХИВ.

15 Еве на што укажуваат проучувачите на стереотипите и на дискриминацијата во медиумите: „Историјата покажа дека стереотипите може да доведат до жигосување, кое може да доведе до дискриминација, кое може да доведе до сегрегација, кое може да доведе до физичко малтретирање, кое може да доведе до државноспонзориран геноцид“ (*Lester, P.M. and Ross, S.D., "Images that Injure: An Introduction", in: Images that Injure: Pictorial stereotypes in the media, ed. by Paul Martin Lester and Suzan Dente Ross, Praeger Publishers, 2003, p. 2.*)

## Нечувствителност кон достоинството и кон човековите права на припадниците на маргинализираните групи

Сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и по права.[16] Почитувањето на човековото достоинство и на човековите права на сите луѓе, вклучително и на припадниците на маргинализираните групи, е обврска на новинарот. И во Кодексот на новинарите на Македонија стои: „Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата...".

**Новинарите треба да ги прифатат термините што припадниците на маргинализираните групи ги користат за самоопределување и да го почитуваат нивното достоинство кога известуваат за нив.**

Токму затоа, новинарите не треба да употребуваат термини и јазик што го повредува достоинството на припадниците на маргинализираните групи. Подбивањето или пренесувањето невкусни шеги, честопати, го повредува достоинството на ЛГБТ, сексуалните работници, корисниците на дрога и на лицата со ХИВ. Изложувањето на подбив на припадниците на маргинализираните групи го повредува нивното достоинство и може да поттикне други видови дискриминација.

Новинарите треба да ги прифатат термините што припадниците на маргинализираните групи ги користат за самоопределување и да го почитуваат нивното достоинство кога известуваат за нив.

16 Теоретичарите што ја истражуваат дискриминацијата во медиумите, обично, се заинтересирани за следниве прашања: Како лицата што се ранливи на дискриминација се именуваат и посочуваат лингвистички? Кои белези, карактеристики, квалитети и одлики им се припишуваат? Кои аргументи се користат за да се оправда исклучувањето, дискриминацијата, потиснувањето и експлоатирањето на другите? Од која гледна точка се изразуваат овие именувања, припишувања и аргументи? Дали дискриминаторските изјави се артикулираат отворено, дали се засилени или ублажени?

## Негативното лингвистичко идентификување на ЛГБТ, корисниците на дрога, сексуалните работници и на лицата со ХИВ

Една од најраширените форми на дискриминација е дискриминацијата преку негативното и омаловажувачкото лингвистичко идентификување на припадниците на маргинализираните групи. Лингвистичкото исклучување, многу често, се користи за да се прикрие одговорноста за одредени дискриминаторски активности.

Главно, македонските медиуми ретко известуваа за правата на ЛГБТ, игнорирајќи ја употребата на термините „лезбијка", „геј", „бисексуалец" и „транссексуалец". Во последно време, во македонските медиуми е забележително сè поголемо прифаќање на кратенката ЛГБТ. Но, во одредени случаи, некои медиуми се обидуваат да го извртат нејзиното значење.

Пример 1: Во статијата „Што всушност значи кратенката ЛГБТ?" (објавена истиот дена кога се одржува „Маршот за семејството и детските колички"), погрешно се тврди дека „ЛГБТ сè почесто се користи кај нас со последните случувања околу правата на овие активисти". Кога се објаснува дека „Терминот „ЛГБТ" е наменет да се нагласи разновидноста на сексуалноста и на родовиот идентитет и се користи и однесува за секој што не е хетеросексуалец", се наведува дека тоа е „спротивно на заедницата меѓу маж и жена, која е дефинирана врз основа на природните принципи". Во случајов, има тенденциозен обид кратенката „ЛГБТ" да се асоцира со „правата на активистите" и со „истополовите бракови", иако таа кратенка означува нешто сосем друго.

Покрај ваквите обиди за изврттување на значењата на основните термини, забележителни се и други референцијални стратегии, со кои се повредува достоинството на ЛГБТ лицата. За жал, сè уште омаловажувачки се употребува изразот „педер" во најразлични контексти.

Пример 2: Веста „ЗАКОН ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА: Сите внатре, педерите стој!" (9.4.2010), по усвојувањето на Законот за спречување и за заштита од дискриминација, сензационалистички го прикрива законското непризнавање на сексуалната ориентација како експлицитна основа за дискриминација, и најдобро покажува зошто има потреба од таква експлицитна основа.

Пример 3: „Педерите секогаш се во право" (30.7.2012) е одговор на еден ТВ-уредник, откако Советот за радиодифузија изрекува писмена опомена кон телевизијата „Сител" – Скопје, поради сторени прекршоци во ТВ-дневник на „Сител", емитуван на 18 мај, 2012 година, а по претставка на Коалицијата.

Неправењето разлика меѓу „транссексуалец" и „трансвестит" и сензационалистичкото идентификување на лицата што го промениле полот, исклучиво, со името пред промената на полот, ги зајакнува стереотипите и предрасудите кон транссексуалците и го повредува нивното достоинство.

Пример 4: Насловот „Јарон Коен веќе 20 години е женско" (Вест, 9 мај, 2011 г.), не само што погрешно лингвистички ја идентификува Шерон (со уметничко име Дана), туку и ги доведува во заблуда читателите со нејзиното именување како „Јарон Коен". Новинарот дезинформира дека „тој пред 20 години го сменил полот, станал женско и оттогаш го користи само уметничкото име Дана Интернешнел".

**Голем дел од новинарите сè уште не се во состојба да направат разлика меѓу „зависници од дрога" и „корисници на дрога" (уште помалку меѓу „корисници на лесни дроги" и „корисници на тешки дроги").**

Негативното претставување на корисниците на дрога во медиумите ги репродуцира и ги зајакнува постојните стереотипи и поттикнува на дискриминација. Имено, повеќе новинари и медиуми сè уште ги користат дискриминациските термини

„наркомани“ и „наркоманија“, како и терминот „наркозависници“, наместо термините „корисници на дрога“ и „зависници од дрога“. Голем дел од новинарите сè уште не се во состојба да направат разлика меѓу „зависници од дрога“ и „корисници на дрога“ (уште помалку меѓу „корисници на лесни дроги“ и „корисници на тешки дроги“). За жал, овие дистинкции најчесто не се прават ниту во статистичките извештаи на МВР, а во постојната легислатива сè уште се сретнуваат омаловажувачките термини „наркомани“ и „наркоманија“.

Пример 5: Во написот „Наркоманите пијат метадон во автобус“ (27.6.2011) доминира употребата на дискриминацискиот термин „наркомани“, дури и во контекст на „дневни центри за наркоманите“.

Пример 6: Во тв-прилогот „ЕУ БАРА ОД ГРЦИЈА ИТНИ МЕРКИ ЗА СОПИРАЊЕ НА СИДАТА КАЈ НАРКОМАНИТЕ“ (1.12.2012) постојано се зборува за „корисниците на дрога“, и се апелира за воведување на мерки за намалување на штети во Грција (програма за делење на игли). Но, во насловот објавен на интернет е содржан омаловажувачкиот термин „наркоманите“, иако истиот отсуствува во текстот.

Новинарите многу ретко го објаснуваат значењето на кратенките „ХИВ“ и „СИДА“, а, неретко, и зборот „сида“ се употребува со мали букви, како да не е кратенка. За луѓето што живеат со ХИВ најчесто се употребуваат следниве изрази: „луѓето со ХИВ/СИДА“, „лицата со ХИВ/СИДА“, „лицата заразени со ХИВ“, „заболени од ХИВ и од сида“, „болните од ХИВ и од сида“, „пациенти заразени со ХИВ/СИДА“, „носители на ХИВ вирусот“ итн. Биомедицинската терминологија, која се репродуцира преку моќта на медиумот, честопати создава конфузија кај новинарите.

Изразот „сексуална работа“ поретко се користи во медиумите, затоа што не се третира како работа, односно како самостоен избор на работа. Најчесто се користат омаловажувачките изрази „проституција“, „проститутки“,

„ороспии", „камењарки". Во одредени медиуми, сѐ уште сензационалистички се користи омаловажувачкиот израз „курви". Новинарите треба да ги прифатат термините „сексуални работници" и „сексуални работнички", а да ги одбегнуваат стигматизирачките и сензационалистички термини како „проститутки", „камењарки", „девојки од албум", „ноќни дами", „ороспии", „курви"...

Пример 7: Во написот „Полицијата уапси раскрвавени проститутки" (22.6.2011) „сексуалните работнички" (од текстот) во ударниот наслов се преименувани во „раскрвавени проститутки". Лингвистичката идентификација „раскрвавени проституки", зајакната со надасловот „Откриен бордел во стан во скопски Карпош ", ја затскрива полициската дискриминација врз сексуалните работнички. Наместо да бидат заштитени по пријавата на насилство, сексуалните работници биле третирани од страна на полицајците како криминалци, а медиумите некритички ја пренесуваат полициската верзија, која ги маргинализира и ги дискриминира жртвите на насилство.

Примери за омаловажувачко именување: „Среќна курва, полна каса" (6.7.2012), „Курвите со пендрек на преглед" (22.11.2008), „Курвите да се легализираат!" (13.11.2007), „Економската криза и во Македонија го погоди најстариот занает: На курвите им падна цената" (10.6.2010).

## Стратегии за медиумско претставување

Новинарите и уредниците користат разновидни стратегии на медиумско претставување на припадниците на маргинализираните групи. Честопати, новинарите и/или уредниците прибегнуваат кон негативно стереотипизирање и кон зајакнување на постојните предрасуди, кон лажни генерализации, негативно профилирање, наметнување културни вредности, сензационализам и кон игнорирање на гласот на маргинализираните.

Со ретки исклучоци, гласот на ЛГБТ лицата, корисниците на дрога, сексуалните работници и на лицата што живеат со ХИВ не е адекватно застапен во медиумите. Многу често, проблемите и потребите на припадниците на маргинализираните групи остануваат во зоната на медиумска невидливост, поради намерното игнорирање од страна на новинарите или на уредниците.[17] Кога пишуваат за припадниците на маргинализираните групи, новинарите најчесто земаат изјави од портпаролите на МВР, од социолози, психолози, експерти за човекови права и од активисти или од претставници на невладиниот сектор, додека од припадниците на маргинализираните групи многу ретко објавуваат изјави. Новинарите не треба да ги игнорираат проблемите и потребите на припадниците на маргинализираните групи, а особено не случаите на прекршување на нивните човекови права.

**Со ретки исклучоци, гласот на ЛГБТ лицата, корисниците на дрога, сексуалните работници и на лицата што живеат со ХИВ не е адекватно застапен во медиумите.**

Пример 1: Во 2011 г., повеќе медиуми известија за предизборните намери на градоначалникот на општината „Кисела Вода“ за дислокација на Центарот за зависници во Кисела Вода и за изградба на нов општински центар во кој би се третирале само зависници од Кисела Вода. Во сите објавени написи беа пренесени изјавите на градоначалникот, мислења на граѓаните, или мислења на стручни лица, но во ниту еден напис не беше пренесена ниту една изјава за тоа што мислат за идејата за „дислокација“ пациентите што се лекуваат во Кисела Вода.

Пример 2: Во ударниот напис „Трет обид за легализација на проституцијата“ (25.8.2011), во кој се тематизира предлог-законот поднесен од еден пратеник, отсуствува изјава од сексуален работник и од здружение на граѓани, иако станува збор за тема што нив најмногу ги засега.

17 Спореди, Универзална декларација за човекови права, член 1.

## Сензационализам

**Иако, во принцип, начинот на известување за припадниците на ранливите групи треба да биде ослободен од сензационализам, многу новинари сѐ уште сметаат дека сензационалистичкиот пристап е неминовен.**

Иако, во принцип, начинот на известување за припадниците на ранливите групи треба да биде ослободен од сензационализам, многу новинари сѐ уште сметаат дека сензационалистичкиот пристап е неминовен. Сензационалистичкиот пристап е забележителен и кога се пишува за болести и за судски постапки.

Пример 1: Сензационалистичкиот наслов „Првиот македонски транссексуалец оди во затвор - не одам во машка ќелија, ќе ме силуваат" (31.10.2012), наспроти чл. 8 од „Кодексот на новинарите на Македонија", кој наложува дека „начинот на информирање, во случаи на судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми."

Пример 2: Со сензационалистичкиот наслов "Геј-врските се болест на модерното време" (24.3.2012) се врамува дискриминаторска изјава на една фолк-пејачка , која зацврстува негативен стереотип. Таа е претставена како загрижена мајка, која за геј врските мисли дека се „болест на современото време", а смета дека децата „гледаат порнографија и токму оттука потекнуваат грешките за сексуалната ориентација". Од фолк-пејачката е објавена разголена фотографија, во мини фустанче, со порнографски алузии.

Пример 3: Порталот на една македонска национална телевизија ја пренесува веста „Хомосексуалци претепале шест навивачи на Динамо во Загреб" (11.1.2013), без да наведе дека станува збор за содржина од рубриката „пара-вест", односно „лажна-вест", со што ја доведува во заблуда јавноста дека двајца хомосексуалци

цел час тепале шест навивачи „сè додека едниот од хомосексуалците не си го скршил ноктот".

Пример 4: Сензационалистичките наслови „Откриено дувло на проституција во Карпош" (22.6.2011) и „Откриен бордел среде Скопје" (22.6.2011), некритички ја фаворизираат полициската верзија на настанот, игнорирајќи го насилството врз сексуалните работнички, кои побарале заштита од полицијата по упадот на маскирани насилници во нивниот стан.

**Употребата на дискурси на страв и на шок во тематизирањето на проблемот со дроги, влијае врз конструирањето и врз обликувањето на јавната перцепција на зависниците.**

Употребата на дискурси на страв и на шок во тематизирањето на проблемот со дроги, влијае врз конструирањето и врз обликувањето на јавната перцепција на зависниците. Медиумското продуцирање на дискурси за зло, опасност и за смртност, како и игнорирањето на успешни лични приказни и искуства со лекување и со третман на поранешни зависници ја зајакнува стереотипната слика за зависниците и за корисниците како „изгубени души" и го одржува познатиот мит за невозможноста за лекување од зависноста.

Примери 5: „Сè повеќе деца-наркомани" (3.4.2011), „Застрашувачки фотографии: Наркомани „унаказени" од дрога" (8.12.2012), „Наркоманска шутинг-галери во државна болница (ВИДЕО)" (18.10.2012), „104 деца-наркомани, дневен центар нема" (12.8.2012), „Наркоман-канибал им одгризал уши на две момчиња" (9.8.2012), „Наркоманите се нафрлаат врз медицинските сестри" (8.8.2012), „Поп со метална прачка уби нарко-зависник" (8.8.2012), „Бизарно: Наркоман го нападнал соседот – потоа убил куче и пробал да го изеде" (21.6.2012), „Тукушто проодел, а веќе е наркоман" (7.6.2012), „Наркоман извршил 4 кражби за пет часа во центарот на Скопје" (1.6.2012).

**Медиумското претставување на СИДА, како „чума на 21. век“ или како „колера на современото време“ наликува на првичните известувања од пред неколку децении, кои ги поттикнуваа читателите погрешно да веруваат дека СИДА е многу заразна болест и дека се пренесува како грипот.**

Начините на кои медиумски се конструира СИДА како болест, честопати се проследени со сензационалистички претставувања и заплашувања. Медиумското претставување на СИДА, како „чума на 21. век“ или како „колера на современото време“ наликува на првичните известувања од пред неколку децении, кои ги поттикнуваа читателите погрешно да веруваат дека СИДА е многу заразна болест и дека се пренесува како грипот.

Пример 6: Агенциската вест „СИДА – чума на 21. век“ (1.12.2012), во која се пренесува дека „Почетокот на новиот милениум беше нов почеток во борбата против чумата“.

Пример 7: Сензационалистичкиот напис „Нов лек против сида“ започнува со извичната реченица „И сидата може да се излекува!“, вест што „секако, ќе израдува милиони луѓе насекаде во светот“. ХИВ е сензационалистички опишан како „колера на современото време“.

## Криминализација на корисниците на droги и на сексуалните работници

**Загрижувачки е фактот што новинарите ретко се обидуваат да ги преиспитаат полициските извештаи, во кои корисниците на дрога и сексуалните работници се претставуваат како криминалци.**

Иако оддавањето на проституција (како и издавањето на простории за вршење на проституција) не е кривично дело, туку прекршок против јавниот ред и мир, новинарите, најчесто, само ги пренесуваат полициските известувања, во кои сексуалните работници се претставуваат како криминалци. Иако „уживањето наркотични дроги и психотропни супстанции“ е, исто така, само прекршок против јавниот ред и мир, при некритичкото пренесување на полициските извештаи, новинарите, многу често, ги портретираат корисниците на дрога, па дури и пациентите-зависници од дрога како криминалци.

**Зависниците од дрога се лица на кои им е потребна здравствена заштита, и во никој случај не би требало негативно да се стереотипизираат како криминалци.**

Загрижувачки е фактот што новинарите ретко се обидуваат да ги преиспитаат полициските извештаи, во кои корисниците на дрога и сексуалните работници се претставуваат како криминалци.

Пример 1: Во написот „Најмладиот наркозависник има само 11 години“ (20.4.2011), се криминализираат пациенти, односно, тие се претставуваат како криминалци што треба да се гонат, а не како лица на кои им е потребна медицинска помош: „Наркозависниците, според стручњаците, кога ќе се најдат во стадиум на криза

**И покрај тоа што Комисијата за заштита од дискриминација утврди дискриминација и вознемирување во случајот со претставувањето на сексуалната ориентација како болест, таквите претставувања продолжуваат во дел од медиумите.**

се најчести извршители на криминални дела, сè со цел што е можно побрзо и полесно да стигнат до пари. Според полицијата лани биле извршени 590 кривични дела од зависници".

Криминализацијата на зависноста од дрога има сериозни последици врз здравствените и врз социјалните политики. Зависноста од droги не е кривично дело. Зависноста од дроги е сместена во класификацијата на болести според Светската здравствена организација, па, оттаму, со зависноста од дрога треба да се справуваат здравствените и социјалните работници, а не полицајците. Зависниците од дрога се лица на кои им е потребна здравствена заштита, и во никој случај не би требало негативно да се стереотипизираат како криминалци.

Пример 2: Во текстот „Уапсени пет проститутки и една жена-макро во Скопје (1.8.2012)" воопшто не се прави разлика помеѓу оддавањето на проституција (кое е прекршок против јавниот ред и мир) и посредувањето во вршење проституција (кое е кривично дело).

Примери за криминализација на професиите пејачки, келнерки, танчарки, ...: „Уапсени пејачки и келнерки" (4.6.2010), „Уапсени дури 74 танчарки во Тетово и Гостивар" (19.10.2012), „Протерани 24 танчарки-Албанки" (14.11.2011).

## Патологизирање на хомосексуалноста

Во еден средношколски учебник по педагогија, хомосексуалноста беше претставена како „опачина", а хомосексуалците и лезбијките како „невротични и психотични личности". Комисијата за заштита од дискриминација, во 2011 г., утврди дека содржината на учебникот „претставува вознемирување, предизвикува чувство на пониженост, повреда на достоинството на група луѓе, кое произлегува од дискриминаторска основа, сторено од страна на Министерството за образование и наука и на авторите на учебникот".

Меѓутоа, и покрај тоа што Комисијата за заштита од дискриминација утврди дискриминација и вознемирување во случајот со претставувањето на сексуалната ориентација како болест, таквите претставувања продолжуваат во дел од медиумите.

Пример 1: Во ТВ-прилогот „Со кампања хомосексуалците бараат истополови бракови" (17.5.2012), новинарот изјавува дека „на хомосексуалците им е потребна професионална и медицинска помош, наместо законска помош", иако хомосексуалноста е одамна исфрлена од класификациите на болести и на психолошки нарушувања. Ваквите стигматизирачки изјави имаат за цел создавање на ирационален страв од хомосексуалците кај јавноста и тие предизвикуваат вознемирување и дискриминација.

Пример 2: Написот „МПЦ-ОА има лек за хомосексуалците" (3.2.2011), укажува на проблематични изјави објавени на интернет-страницата на МПЦ-ОА: „Со посветеност кон Бога и со молитви може да се надмине хомосексуализмот, кој претставува болест на страстите". Во истиот текст се пренесува: „поборник за правата на хомосексуалците вели дека доколку МПЦ-ОА се нуди да излечи некого од нешто, тогаш се претставува како надрилекар" и дека „надрилекарството претставува кривично дело".

Аргументативни и делегитимирачки стратегии

Врската меѓу стереотипизирањето и аргументирањето не е секогаш јасно видлива и разлачлива. Од една страна, стереотипите и предрасудите можеме да ги согледуваме и како случаи на лажна генерализација, а, од друга страна, честопати, можеме да ги идентификуваме предрасудите како премиси што се користат во процесот на изведување на погрешни или на тенденциозни заклучоци.

Најчеста аргументативна стратегија за делегитимирање на припадниците на маргинализираните групи е лажното генерализирање. Лажно генерализирање имаме кога од еден случај се изведуваат заклучоци што се однесуваат на група луѓе, или кога делот лажно се претставува како целина.

Пример 1: Сензационалистичкиот напис „Наркоманите пијат метадон во автобус" (Вест, 27.6.2011) извлекува заклучок што се однесува на „наркоманите", иако станува збор за само еден случај кога пациент бил виден и фотографиран како зема терапија во градски автобус во Скопје.
Пример 2: Во насловот „Франција се крена на нозе против хомосексуалните бракови" (18.11.2012) лажно се генерализира дека протестот на неколку десетици илјади граѓани е протест на цела Франција.

Пример 3: Во прилогот „Хомосексуалците се налутија на Сител" (17.11.2012), се тврди дека „хомосексуалците ја обвинија телевизија Сител за водење медиумска кампања во која се повикува на хомофобија". Ваквото генерализирачко тврдење се потпира само на една изјава од еден активист за човекови права, учесник на „Маршот на толеранција". Притоа, се изведува генерализирачки заклучок за сите учесници на маршот: „Со ваквата агресивност учесниците во маршот на толеранција го претворија собирот во марш на омраза, хомофобичност и нетолеранција".

Исто така, можат да се идентификуваат бројни медиумски манипулации во поглед на изведување на заклучоци што имаат намера да ги делегитимираат маргинализираните групи.

Пример 4: Заклучокот во насловот на написот „Против хомосексуалците 90% од граѓаните" (23/24.5.2011) е погрешно изведен од податокот од една анкета дека „хомосексуалноста во Македонија не ја оправдуваат 90% од граѓаните", иако истата анкета покажува поголем процент неоправдување на други појави.

Неретко, новинарите прибегнуваат и кон искривување на фактите, кои потоа служат како основа за изведување на погрешни заклучоци за припадниците на маргинализираните групи.

**Делегитимирање на зависниците од дрога имаме и во случаи кога се делегитимира нивната медицинска терапија.**

Пример 5: Написот „Прва, а можеби и последна геј-парада во Сплит: Насилство со фашистички поздрави!" (12.6.2011) започнува со следниов опис: „Во првата геј-парада, а можеби и последната што се одржува во Сплит, повредени се десетина лица, од кои двајца полицајци и двајца новинари, а приведени се 137 лица, од кои 25 се малолетници, соопшти локалната полиција, којашто успеа да спречи вистинско насилство и крвопроливање."[18]

Делегитимирање на маргинализираните групи имаме и во обидите да се легитимираат дискриминаторски појави или изјави кон ЛГБТ, корисниците на дрога, сексуалните работници и кон лицата со ХИВ.

Пример 6: Во написот „Седмо издание на „мотофестивал" во Скопје: Кале ќе грми со мотори и со музика" (10.6.2011), во поднасловот „Не дискриминираме, тоа се пораки и шеги", новинарката му дава простор на организаторот на фестивалот да ги „објасни" знаците на плакатот на кој „се забранува геј-секс,

18 Со ваквото некритичко медиумско претставување, како жртви на насилство се потенцирани „двајца полицајци и двајца новинари", а се игнорира фактот дека главни жртви на насилството беа лицата со поинаква сексуална ориентација и оние што го поддржаа нивното право на мирен собир и на протест. Новинарот ја легитимира „локалната полиција, којашто успеа да спречи вистинско насилство и крвопроливање", сугерирајќи дека тоа што се случило не било „вистинско насилство и крвопролевање", со што се минимизира насилството врз лицата што го практикувале своето човеково право на мирен собир.

говеда, кучиња‟. Според новинарката, организаторот објаснил дека „знаците што се поставени на овој плакат немаат цел да дискриминираат, туку треба да пренесат порака, но и шега‟.[19]

Делегитимирање на зависниците од дрога имаме и во случаи кога се делегитимира нивната медицинска терапија.

Пример 7: Во написот „Лутата жолта ја заменуваат со лесни дроги‟ (28. 4. 2011) се пренесува полициска информација дека намалената побарувачка на хероин „е поради отворањето на метадонскиот центар, каде што наркозависниците секојдневно добиваат бесплатна „терапија‟.‟ Ставањето во наводници на зборот терапија го делегитимира лекувањето на зависноста со метадон, ја промовира метадонската терапија како замена на една дрога со друга и, на тој начин, ги делегитимира зависниците од дрога како пациенти.

**Говорот на омразата не е манифестација на правото на слобода на изразување, туку негова злоупотреба и негација.**

Делегитимирање на сексуалните работнички имаме кога изразите „сексуални работници‟ и „сексуална работа‟ намерно се ставаат во наводници.

Пример 8: Написот „Гостиварка држела бордел во Скопје‟ (со наднаслов „Претепани проститутки барале помош од државата‟) започнува со информацијата дека „полицијата открила бордел, откако двајца маскирани насилници ги претепале сопственичката и неколку проститутки што „работеле‟ во изнајмен стан‟. Употребата на терминот „работеле‟ во наводници го дефокусира вниманието од проблемот на насилството

19 Врамувањето „Не дискриминираме, тоа се пораки и шеги“ ја привилегира и легитимира гледната точка на организаторот на фестивалот, кому не му е првпат да објавува дискриминаторски и хомофобични содржини на плакатот. Практично, дискриминацијата се легитимира со тоа што се претставува како „шега“, а притоа се игнорираа официјалната реакција на Градот Скопје, кој, „по објавувањето на промотивните плакати за мотофестивалот, веднаш реагираше до организаторот на манифестацијата, со барање да се отстранат наведените примери на дискриминација“.

врз сексуалните работнички, кои во натамошниот дел на текстот не се третирани како жртви на насилство, туку како „снаодливи девојки" и соучеснички во криминал.

**Советот за радиодифузија го препознава, како еден од клучните проблеми, непрепознавањето на говорот на омраза, особено кон маргинализираните заедници.**

## Говор на омраза кон маргинализираните групи

Говорот на омразата не е манифестација на правото на слобода на изразување, туку негова злоупотреба и негација. Изразот „говор на омраза" ги покрива сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција, вклучувајќи: нетолеранција изразена од страна на агресивен национализам и на етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, мигрантите и кон луѓето со имигрантско потекло".

**Новинарите, во никој случај, не смеат да го оправдуваат говорот на омраза. Напротив, нивна задача е да му се спротивставуваат.**

Во многу европски земји посебно се санкционира говорот на омраза кон припадниците на маргинализираните групи. За жал, во Македонија сè уште нема политичка волја за борба против сите форми на говор на омраза, особено во медиумите и на интернет, кои поттикнуваат, шират или промовираат омраза или други форми на дискриминација врз основа на етничката, верската, родовата, возрасната припадност, врз основа на сексуална ориентација или на дискриминација на лицата со ХИВ.

Сепак, Советот за радиодифузија го препознава, како еден од клучните проблеми, непрепознавањето на говорот на омраза, особено кон маргинализираните заедници.

И Советот на честа на ЗНМ побара од сите колеги-новинари да му се спротивстават на говорот на омразата во сопствениот медиум, без оглед на тоа дали станува збор за уредувачка политика, за гостин во студио или за слушател/гледач што се јавува во контактна емисија.

Новинарите, во никој случај, не смеат да го оправдуваат говорот на омраза. Напротив, нивна задача е да му се спротивставуваат.

## Говор на омраза врз основа на сексуалната ориентација

Европскиот суд за човекови права го исклучува говорот на омраза од заштитата на слободата на изразување. Во фактографијата за говор на омраза, објавена од страна на Европскиот суд за човекови права, во јуни, 2012 г., веднаш по примерите за говор на омраза врз основа на расата, следува пример за говор на омраза врз основа на сексуалната ориентација.

Седум активисти од организацијата „Национална младина", во декември, 2004 г., дистрибуирале во едно шведско средно училиште стотици летоци со наслов „Хомосексуална пропаганда". Во летоците, наменети за средношколците, пишувало: „Вашите антишведски наставници многу добро знаат дека хомосексуалноста има морално уништувачки ефект врз телото на општеството и свесно ќе се обидат да ви ја претстават како нешто намерно и добро". Понатаму, во летоците се објавени следниве инструкции до средношколците: „Кажете им дека ХИВ и СИДА се појавуваат заедно со хомосексуалците, и дека нивниот промискуитетен животен стил е една од главните причини за зацврстувањето на оваа современа чума" и „Кажете им дека организациите од хомосексуалното

**Европскиот суд за човекови права повторно истакнал дека поттикнувањето на омраза нужно не повлекува и повик на некој акт на насилство или други кривични дела. Според судот, дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација е исто толку сериозна како и дискриминацијата врз основа на расата, потеклото или на бојата на кожа.**

лоби, исто така, се обидуваат да практикуваат педофилија, и прашајте ги дали оваа сексуална девијација, исто така, треба да биде легализирана".

Поради дистрибуирањето на летоците, активистите биле обвинети за агитација против една национална или етничка група. Имено, во Шведскиот казнен законик има одредба дека за агитација против национална или етничка група ќе се осуди „лице што, во дисеминирана изјава или комуникација, се заканува или изразува презир кон национална, етничка или друга таква група, или кон лица со алузија на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, религиозно уверување или сексуална ориентација". Таквата одредба стапила во сила на 1 јануари, 2003 г., а предлагачот на одредбата навел дека хомосексуалците се изложена група, врз која честопати се вршат кривични дела поради сексуалната ориентација и дека национал-социјалистичките и другите расистички групи агитираат против хомосексуалците и против хомосексуалноста, како дел од нивната пропаганда.[20]

Откако активистите биле казнети, согласно шведскиот закон, и ги исцрпеле сите домашни правни средства, поднеле апликација до Европскиот суд

20 Исто така, кога се гласала оваа одредба, било наведено дека има добри причини да се претпостави дека хомофобичните ставови, кои предизвикале извесни прекршители да извршат напад на индивидуи врз основа на нивната сексуална ориентација, потекнуваат од омразата, заканите и од распламтувачката пропаганда против хомосексуалците, како група, која била ширена од мнозинството нацистички и други десничарски екстремистички групи во земјата.

за човекови права, за повреда на нивната слобода на изразување. Европскиот суд за човекови права утврдил дека, иако изјавите во летоците директно не им препорачуваат на индивидуите да извршат дела од омраза, станува збор за сериозни набедувања водени од предрасуди. Европскиот суд за човекови права повторно истакнал дека поттикнувањето на омраза нужно не повлекува и повик на некој акт на насилство или други кривични дела. Според судот, дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација е исто толку сериозна како и дискриминацијата врз основа на расата, потеклото или на бојата на кожа.

Следствено, исто како што се борат против расистичкиот говор (мотивирани од расистички напади на лица), властите треба да се борат и против дискриминаторскиот говор заснован на сексуалната ориентација (мотивирани од нападите на лица врз основа на нивната сексуална ориентација). Оттаму, судот заклучил дека вмешувањето во правото на слобода на изразување на активистите од „Национална младина" (кои биле осудени со парична казна), може да се смета за разумно од страна на шведските власти, како нужно во едно демократско општество, за заштита на угледот и правата на другите.

## Хомофобични кампањи проследени со говор на омраза во Македонија

Во еден провладин дневен весник континуирано се објавуваат статии и фотографии со хомофобична содржина (на 13, 14, 15, 16, 17, октомври, 2012 година). Медиумските содржини поттикнуваат ирационален страв кон лицата со хомосексуална ориентација,  поттикнуваат на дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и на говор на омраза кој е забележителен во објавените коментари.

Најнапред, на насловната страница беше објавена порнографска фотографија со двајца голи мажи, како илустрација на текстот со наслов „Геј

бракови во Македонија нема да има". И следните три дена на насловната страница беа објавувани сензационалистички текстови „Децата без родители и самохраните родители се исто што и геј-заедницата", „Сакаме внуци, а не педерлаци", „Децата посвоени од хомосексуалци се жртви на педофилија". Во сите овие текстови беа деградирани хомосексуалците, истополовите двојки, како и посвоените деца од истополови двојки.

Текстовите беа дел од неколкунеделната провладина кампања против „хомосексуалните бракови", а за „здрава нација", која поттикнуваше на говор на омраза и на дискриминација, преку создавање на морална паника дека хомосексуалните двојки се главна причина за „рецесијата на наталитетот". Кампањата не резултираше само со психолошко насилство (бројни „хејтерски" и дискриминаторски коментари, како и закани по живот објавени на електронското издание на весникот и на социјалните мрежи), туку и со физичко насилство (физички напад врз активисти за ЛГБТ правата, на „Маршот за толеранција" одржан еден месец по започнувањето на кампањата.

**Со препознавањето и со осудата на дискриминацијата, говорот на омраза, и насилството кон маргинализираните групи, новинарите можат да помогнат во надминувањето на нееднаквоста и на повредите на основните права.**

## Улогата на новинарите и на медиумите

Новинарите и медиумите не се перципираат само како дел од проблемот на дискриминацијата, туку и како дел од решението на проблемот. Медиумите и медиумските професионалци имаат една од главните улоги во борбата против дискриминацијата и во охрабрувањето на интеркултурниот дијалог. Без медиумите, како дел од поширокото граѓанско општество, не може да се замисли борбата против сите форми на дискриминација, против говорот на омраза, и против сите форми на

насилство.

Клучната улога на новинарите и на медиумите е да овозможат да се чуе гласот на сите луѓе - вклучувајќи ги и припадниците на маргинализираните заедници. Со препознавањето и со осудата на дискриминацијата, говорот на омраза, и насилството кон маргинализираните групи, новинарите можат да помогнат во надминувањето на нееднаквоста и на повредите на основните права.

За поуспешно да ја изразат културната различност на општеството, медиумите треба да обезбедат различна работна сила што е обучена да се соочи со предизвиците на различноста. Обуката на медиумските професионалци треба да содржи вештини и информации за тоа како да се охрабрат новинарите да проговорат против сите видови дискриминација, како да се зголеми нивната чувствителност за правата и за потребите на дискриминираните лица, како да се промовираат малцинските гласови, интеркултурниот дијалог и меѓусебното почитување, како да се употребува соодветен јазик при адресирањето на проблемите на дискриминираните и на социјално исклучените поединци и групи и за тоа како да се препознаат и преиспитуваат негативните стереотипи и предрасуди.

**Издавач:**
**Коалиција `Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници`**
**Дизајн:**
**Велимир Жерновски**
**Ангела Маневска**
**Печати:**
**Датапонс Д.О.Е.Л.**
**Бр. на копии:**
**300**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.776.2/.3:316.344.7(497.7)(036)

ТРАЈАНОСКИ, Жарко
Медиумите, говорот на омраза и маргинализираните заедници : водич за медиуми / Жарко Трајаноски, Тамара Чаусидис, Роберто Беличанец. - Скопје : Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, 2013. - 49 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-65359-7-1
1. Чаусидис, Тамара [автор] 2. Беличанец, Роберто [автор]
а) Маргинализирани заедници - Медиумско претставување - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 93323274

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА